# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА

**ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА**

**во 2018 година**




Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

**Издавач:**
Хелсиншки комитет за човекови права
претставуван од претседателот проф. д-р Гордан Калајџиев

**Уредник:**
Уранија Пировска

**Автори:**
Хајди Штерјова Симоновиќ
Сања Барлаковска Велков

**Подготовка за печат:**
Polyesterday

**Печати:**
Polyesterday

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

> 343.3/.7:316.647.5“2018“(047)

ШТЕРЈОВА Симоновиќ, Хајди
Годишен извештај за криминалот од омраза во 2018 година /
[автори Хајди Штерјова Симоновиќ, Сања Барлаковска Велков]. - Скопје :
Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2019. - 181
стр. ; 27 см

Текст на мак., алб. и англ. јазик. - Публикацијата е во рамките на
проектот: „Превенција од дискриминација и справување со криминалот од
омраза и говорот на омраза“. - Содржи и: Raporti vjetor për krimet nga
urrejtja në vitin 2018 ; Annual report on hate crime in 2018

ISBN 978-608-4790-54-9
1. Барлаковска Велков, Сања [автор]
а) Криминални дејствија - Нетолеранција - Македонија - 2018 - Извештаи
COBISS.MK-ID 110563850

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

ул. Наум Наумовски Борче 83
1000, Скопје
тел: +389 (0)2 3119 073
факс: +389 (0)2 3290 469
веб: www.mhc.org.mk
е-пошта: helkom@mhc.org.mk

# СОДРЖИНА

Соодржина

**1. ЗА ПРОЕКТОТ** ........ 4

**2. МЕТОДОЛОГИЈА** ........ 5

2.1 Мониторирање на националните печатени и електронски медиуми ........ 5

2.2 Известување до Мисијата на ОБСЕ во Скопје за инцидентите и злосторствата од омраза ........ 5

2.3 Одржување интерактивна веб-страница за пријавување злосторства од омраза ........ 5

**3. РЕЗИМЕ НА ГЛАВНИТЕ НАОДИ** ........ 6

3.1 Контекст ........ 6

3.2. Број на инциденти ........ 6

3.3 Видови на кривични дела ........ 10

3.4 Инциденти според локацијата ........ 10

3.5 Инциденти по месеци ........ 11

3.6 Инциденти според пристрасна мотивација ........ 11

3.7 Жртви и сторители ........ 12

3.8. Статус на случаите ........ 12

**4. АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТИНОТ ТИМ** ........ 14

4.1 Следење на националните печатени и електронски медиуми ........ 14

4.2 Ревидирање на пријавените злосторства од омраза и придонес во Годишниот извештај на ОБСЕ/ОДИХР за злосторства од омраза и инциденти во регионот на ОБСЕ ........ 14

4.3 Одржување, ажурирање и превод на веб-страницата www.zlostorstvaodomraza.mk ........ 14

4.4 Изготвување месечни информатори за состојбата со злосторствата од омраза во земјата ........ 15

4.5 Подготвување, превод и објавување на извештајот од следењето на злосторствата од омраза за 2018 година ........ 15

4.6 Одбележување на предложениот Европски ден за жртвите на дела од омраза (22 јули) преку организирање на прес-конференција и настан „Турлитава“ ........ 15

4.7 Споделување на наодите од Мониторинг извештајот за 2017 година со институциите кои би можеле да имаат интерес за тоа ........ 15

4.8 Организирање на прес-конференција заради споделување на наодите од Годишниот извештај. 15

4.9. Вклучување информации за злосторствата од омраза во месечните извештаи на МХК во поглед на ситуацијата со човековите права во земјата ........ 15

**5. ЗАКЛУЧОЦИ** ........ 16

**6. ПРЕПОРАКИ** ........ 17

**АНЕКС** ........ 18

Инциденти од омраза во 2018 година ........ 18

# 1. ЗА ПРОЕКТОТ

Овој извештај е резултат на проектот „Превенција од дискриминација и справување со криминалот од омраза и говорот на омраза“, кој беше финансиски поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а спроведен во периодот од 1 јануари до 31 Декември 2018 година.

Проектот имаше цел да се занимава со прашањето за делата од омраза и говорот на омраза преку унапредено законодавство, подигнување на јавната свест, градење на капацитети и регистрирање на инцидентите сторени од предрасуда. Поконкретно, овој извештај е наменет да послужи како индикатор за опсегот, природата и зачестеноста на кривичните дела од омраза извршени во земјата.

Во рамките на неговиот мандат на имплементирачки партнер во проектот, Хелсиншкиот комитет за човекови права (МХК) ги спроведе следниве активности во однос на злосторствата од омраза, и тоа:

1. Понатамошно следење инциденти/злосторства од омраза со посебно внимание на насилство во спортот мотивирано од пристрасност;
2. Ревидирање на пријавените злосторства од омраза и придонес во Годишниот извештај на ОДИХР за злосторства од омраза и инциденти во регионот на ОБСЕ за 2017;
3. Одржување, ажурирање и превод на веб-страницата www.zlostorstvaodomraza.com, вклучително и внесување на информации на македонски, албански и англиски јазик, објавување на линкови од популарни интернет портали, како и одржување на Фејсбук и Твитер групите, проверка на информациите за регистрираните инциденти ( барања за информации до МВР и ЈО)
4. Користење на апликацијата Red Botton на интернет страната на МВР и пријавување на случаи преку истата,
5. Изготвување на месечни информатори за состојбата со злосторствата од омраза во земјата;
6. Подготвување, превод и објавување на извештајот од следењето на злосторствата од омраза за 2018 година на македонски, албански и англиски јазик;
7. Одбележување на предложениот Ден на жртвите на дела од омраза (22 јули) преку организирање на прес-конференција и настан „Турлитава“;
8. Овозможување на бесплатна правна помош и советување на жртвите на дела од омраза како и следење на судските постапки за конкретни случаи кои се однесуваат на различни заштитни карактеристики,
9. Произведување на 2 (две) информативни видеа за подигнување на свеста за дела од омраза, пријавување на ваквите дела и информирање за правата на жртвите на вакви дела.

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА

## 2.1 Мониторирање на националните печатени и електронски медиуми

МХК мониторираше бројни дневни весници со различни идеолошки наклонетости и политичка афилијација. Мониторирањето на електронските медиуми беше правено на дневна основа, преку двата најпопуларни генератори на интернет вести (www.time.mk и www.grid.mk), како и преку користење на опциите за напредно пребарување под рубриката „Вести“ на www.google.com. Штом ќе беше забележано делото или инцидентот од омраза, МХК го запишуваше насловот на сторијата и интернет-врската, по што пристапуваше кон објавување на истиот на интернет порталот за пријавување дела од омраза www.zlostorstvaodomraza.mk (види активност 2.3 подолу). Како резултат на спроведувањето на оваа активност, во периодот помеѓу 1 јануари и 31 декември 2018 година МХК успеа да запише и објави 123 дела од омраза/инциденти.

## 2.2 Известување до Мисијата на ОБСЕ во Скопје за инцидентите и злосторствата од омраза

Деталите во врска со инцидентите (кус опис, датум, време и место, извор на информации, инволвирани жртви, сторители, статус на случајот, одговор на надлежните власти, влијание врз жртвите и врз заедницата) беа постојано приложувани во Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а кон нивното полесно прикажување во голема мера придонесе натамошното успешно функционирање на веб-платформата на злосторства од омраза. Освен што инцидентите на злосторства од омраза можеа да се следат на интернет откако ќе се случеа, Мисијата на ОБСЕ во Скопје доби и еден привремен и еден завршен извештај, подготвени од МХК. Овој завршен извештај ќе биде споделен со ОБСЕ/ОДИХР за нивниот годишен извештај за злосторства од омраза на земјите учеснички во ОБСЕ.

## 2.3 Одржување интерактивна веб-страница за пријавување злосторства од омраза

Веб-порталот www.zlostorstvaodomraza.com (од 2014 година исто така достапен и под www.zlostorstvaodomraza.mk) претставува интерактивна алатка која им овозможува на граѓаните да примаат информации и да пријавуваат дела од омраза. Тој содржи интерактивна мапа која ја покажува точната или приближната локација на инцидентите. На главната страница се наведени кататегориите на дела од омраза и пристрасни мотивации, таа обезбедува информации во поглед на начинот на кој граѓаните можат да пријавуваат (е-апликации, Твитер, електронска пошта, и електронски формулар), и на неа се прикажани статистички графикони. Исто така има и рубрики посветени на најчесто поставуваните прашања, материјали, и поимник на веб-порталот, во рамките на кои можат да се изнајдат информации во поглед на проектот, значењето и опсегот на делата од омраза, како и публикации за злосторствата од омраза. Освен на македонски, страницата е достапна и редовно се обновува и ажурира и на англиски и на албански јазик.

# 3. РЕЗИМЕ НА ГЛАВНИТЕ НАОДИ

## 3.1 Контекст

Извештаите за напредокот на Европската комисија објавени во периодот од 2013-2016 година за земјата наведуваат дека „Нема на располагање собирање на систематски податоци за известувањето, истрагата и гонењето на говорот на омраза и делата од омраза, собраните податоци покажуваат дека таквите кривични дела не се адекватно гонети од властите и неопходно е да се обезбедат обуки за носителите на спроведување на законите, јавните обвинители и судиите". Посебната анализа на делата од омраза регистрирани во 2013, годишните извештаи за криминалот од омраза во земјата за 2014, 2015, 2016 и 2017 година, овој извештај и веб порталот за пријавување на делата од омраза, www.zlostorstvaodomraza.mk, претставуваат први и најсеопфатни напори да се мапираат, мониторираат, и пријавуваат инцидентите на дела од омраза во земјата.

Исто така, истакнуваме во овој извештај дека и покрај тоа што повеќе од 2.000 полицајци поминаа тренинг за препознавање на делата од омраза, и покрај фактот што автоматските ситеми за регистрирање и распределба на јавнообвинителските и судските предмети имаат дополнително копче за регистрриање на дела од омраза, во пракса, навремено и соодветно препознавање и регистрирање на делата од омраза од страна на полицијата и јавното обвинителство сè уште недостасуваат.

## 3.2. Број на инциденти




Во периодот помеѓу 1 јануари и 31 декември 2018 година, МХК регистрираше вкупно 123 инциденти и дела од омраза. Инцидентите беа регистрирани веднаш штом истите беа пријавени од страна на медиумите или од Министерството за внатрешни работи. Притоа, од вкупниот број регистрирани дела/инциденти, 60 инциденти (49%) беа потврдени, додека 63 инциденти (51%) остануваат непотврдени. За најголем дел од непотврдените инциденти и дела од омраза, а во согласност со другите индикатори (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл) постои разумно верување дека се сторени поради етничката

припадност на жртвата односно сторителот. И покрај нашето барање упатено до МВР да потврди дали етничката како индикатор е присутна кај овие инциденти и дела, таква потврда од таму не добивме.

Мнозинството инциденти беа потврдени по пат на контакт со полицијата, полициските билтени и медиумското известување. Непотврдените инциденти се сепак вклучени во извештајот со оглед на постоењето на индикатори на пристрасност, вклучувајќи ги: перцепцијата жртва/сведок; коментарите дадени на лице место; разликата помеѓу жртвата и сторителот врз етничка основа; образец/зачестеност на претходните инциденти; природата на насилството; отсуството на други мотиви; и местото и времето. Попрецизно, непотврдените инциденти се вклучени поради информациите примени во поглед на местото на инцидентот (на пример, етнички мешани соседства и училишта, автобуски линии кои ги користат припадниците на различните етнички заедници, места каде делото од омраза веќе се случило во минатото, итн.), видот на инцидентот (на пример, поголема група малолетници напаѓа една или повеќе жртви без провокација, групни тепачки, напад во автобус или на автобуска станица, итн.), време на инцидентот (по претходна тепачка како облик на одмазда, по училишните часови, во текот или по спортски настан, итн.) и имотот оштетен за време на инцидентот (на пример, места за верски обреди). Непотврдените и потврдените инциденти може да се видат одделно на веб порталот за пријавување на делата од омраза (потврдените се обележани со зелено текстуално копче, додека непотврдените со црвено текстуално копче). Во Анексот прикачен кон овој Годишен извештај, по насловите на инцидентите потврдениот/непотврдениот статус е означен во загради.

Етничката (79 инциденти) и политичката припадност (31 инцидент) се најзастапените карактеристики поради кои биле сторени инцидентите од омраза во 2018 година. Дополнително, беа регистрирани 6 инциденти сторени поради мигрантскиот односно бегалскиот статус на жртвите, 4 инциденти се сторени поради религија или верско уверување како основ, 4 на спортски настани и 1 инцидент поради попреченоста на жртвата. Елемените на кривичното дело „Ширење на национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост" ги исполнија 11 регистрирани инциденти.

Жртвите и сторителите најчесто се младинци и членови на различни етнички припадности (претежно Македонци и Албанци). Честопати кривичните дела сторени како еден инцидент ги исполнуваат критериумите за две или повеќе наводни кривични дела, па оттука постои поголем број кривични дела отколку инциденти. Повеќето инциденти предизвикани поради политичката припадност или политичките уверувања не инволвираат луѓе како жртви. Наместо тоа, како жртви се јавуваат правни лица, а тоа се должи на фактот што мнозинството од овие инциденти се однесуваат на оштетување на имот и предизвикување материјална штета.

Мнозинството од наведените кривични дела вклучуваат: насилство (67), оштетување на имот (26) и телесна и тешка телесна повреда (18). Дополнително,15 инциденти спаѓаат под кривично дело загрозување на сигурнста/сериозна закана, 11 инциденти потпаѓаат под предизвикување омраза и нетрпеливост врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа, 6 се квалификуваат  елементите на разбојништво и 1 инцидент под предизвикување на општа опасност.

Детали во поглед на инцидентите, како што се краток опис, датум, време, место, извор на информации, инволвирана жртва/жртви, сторители, статус на случајот, одговор од страна

на властите, и влијанието на жртвата/жртвите и на заедницата можат да се најдат во Анексот насловен „Инциденти на злосторства од омраза во 2018“ на овој извештај. Во истиот анекс, има поле за „индикатори на пристрасност“, што е инкорпорирано во секој одделен инцидент. Тој вклучува податоци за: перцепцијата на жртвата/сведокот; коментари направени на лице место; разлика помеѓу жртвата и сторителот врз етнички основи; образец/зачестеност на претходните инциденти; природа на насилството; недостиг на други мотиви; и место и време. Освен обезбедувањето на дополнителни информации во поглед на инцидентите, овој оддел е посебно корисен за разбирање зошто непотврдените инциденти се исто така вклучени во овој извештај.

Во мај 2018 година МХК го испрати својот Годишен извештај за дела од омраза за 2017 година до ОБСЕ/ОДИХР.[1] МХК останува единствената невладина организација која го информира ОБСЕ/ОДИХР за ситуацијата со делата од омраза во земјата.

Бројот на инциденти регистрирани во 2018 година е двојно поголем од бројот на инцидентите регистрирани во 2017 година. Сепак, постојат значителни промени во поглед на пристрасната мотивација со оглед на која биле извршени делата од омраза.

Најзначајната промена се однесува на бројот на дела од омраза сторени поради политичката припадност или уверување. Додека во 2017 година 50% од сите инциденти биле извршени со оглед на политичката припадност или политичкото уверување на жртвите/сторителите (35 од 70), во 2018 овие инциденти опаднаа на 23% (31 од 123) од сите регистрирани инциденти. Меѓутоа, иако процентуално се забележува пад на овој вид инциденти, нивниот број останува скоро ист како минатогодишниот. Порастот на овие видови на дела од омраза е особено евидентен пред и за време на изборите. Во 2018 година, слично како трендот од минатите години, овој вид на инциденти беше во пораст во месец Март, кога во Парламентот беше донесен Законот за употребата на јазиците, во Јуни кога беше потпишан Договор од Преспа помеѓу нашата земја и Република Грција и во Септември кога се одржа Референдумот 2018. Вако вид на инциденти се слушуваа и пред и во текот на предвремените парламентарни избори во 2014 година, претседателските избори истата година и предвремените парламентарните избори во 2016, како и политичките случувања и локалните избори во 2017. Притоа, 13 од 31 инциденти пријавени по овој основ се однесуваа на кршење, демолирање или друг вид на уништување односно оштетување на штабовите, односно имотот на политичките партии, 11 инциденти беа квалификувани како загрозување на сигурноста на парламентарци и политичари и 7 инциденти вклучуваа и физичко насилство.

Оваа година гореспоменатите видови инциденти особено се интензивираа откако пратениците од владејачкото мнозинство гласаа за донесување на Законот за употреба на јазиците, а колуминираа пред и за време на Референдимот 2018 кој се одржа во септември. Ова покажува непосредна причинско-последична врска помеѓу говорот на омраза кој е нашироко користен во текот на предизборните кампањи и извршените дела од омраза.

Втората значајна разлика е видлива од аспект на бројот на инциденти со оглед на македонското или албанското етничко потекло на сторителот/жртвата. Во 2013 година, овие инциденти достигнаа до 84% од сите инциденти (98 од 116), додека во 2014 година процентот беше 61% (53 од 87). Во 2015 година се случија само 34% од таквите инциденти (15 од 44), а во текот на 2016 година, 34 инциденти (речиси 50%) настанаа помеѓу Македонци и Албанци. Во 2017 година дојде до благ пад во бројот на инциденти кои вклучуваат припадници на македонската и

1 http://hatecrime.osce.org/former-yugoslav-republic-macedonia

албанската етничка заедница (43% од сите регистрирани инциденти). Меѓутоа, во споредба со минатите години, во 2018 година бројот на регистрирани инциденти мотивирани од етничкото потекло е двојно поголем (79) и овие инциденти остануваат најзагрижувачкиот проблем, особено со оглед дека големото мнозинство на жртви и сторители во овие инциденти се малолетници. Бројот на овие инциденти оваа години речиси го достигна енормно високиот број на вакви инциденти од 2013 година (84).

Идентично како и во 2015 и 2016 година, во 2017 година не беше регистриран ниту еден инцидент од омраза врз основ на сексуалната ориентација/родовиот идентитет на жртвата. Овој факт нужно не значи дека општеството станало потолерантно во однос на ЛГБТ заедницата. Во оваа прилика треба да се напомене дека домашните власти не успеале прописно да ги истражат инцидентите во 2013/2014 година, и ниту еден сторител не бил уапсен од страна на полицијата. Во 2017 година, новата Влада ги презема првите чекори во насока на зголемување на заштитата на правата на ЛГБТ заедницата. Викендот на гордоста кој се одржа во Скопје во јуни 2017 година беше официјално отворен од страна на министерот за култура кој зборуваше за подготвеноста на новата Влада да работи на подобрување на третманот на ЛГБТ заедницата. Тој посочи дека културните политики кои биле доминантно базирани врз застарени културни концепти треба да бидат заменети со стратегии кои ги земаат предвид плуралноста и хетерогеноста на различните култури и културни практики, што од друга страна ги изразува потребите, спецификите, жалбите, интересите и уверувањата на различните групи во општеството. Исто така, за прв пат во историјата на земјата, Претседателот на Владата, Зоран Заев присуствуваше на прославата на 5-годишнината на ЛГБТ Центарот за поддршка кој е подружница на МХК. Со ова, тој отворено искажа поддршка кон ЛГБТ заедницата и ја нагласи посветеноста на Владата да го хармонизира домашното законодавство со меѓународните стандарди за човекови права преку подготвување на нов Закон за спречување и заштита од дискриминација. Воедно, тој соопшти дека наразрешените напади врз ЛГБТ луѓето и ЛГБТ Центарот ќе бидат прописно истражени и напаѓачите ќе бидат изведени пред лицето на правдата. Меѓутоа, покрај јавно изразената политичка поддршка на луѓето од ЛГБТИ заедницата, како и фактот дека нов Јавен обвинител на РСМ беше избран на крајот на 2018 година, сеуште нема поднесено обвиненија за делата од омраза сторени поради сексуалната ориентација и родовиот идентитет на жртвите.

## 3.3 Видови на кривични дела




Мнозинството инциденти беа сторени од млади лица. Исто така, постои голем број на непознати сторители. Жртвите и сторителите се вообичаено припадници на различни етнички заедници (македонска и албанска). Регистрираните инциденти беа поврзани со некои од кривичните дела што се пропишани со Кривичниот законик. Најголемиот дел од наводните кривични дела ги вклучува: насилство (67), оштетување на имот (26) и телесна и тешка телесна повреда (18), загрозување на сигурнста/сериозна закана (15), предизвикување омраза и нетрпеливост врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа (11), разбојништво (6) и 1 инцидент под предизвикување на општа опасност. Честопати кривичните дела сторени во еден инцидент ги исполнуваа критериумите за две или повеќе наводни кривични дела, па оттука и поголемиот број на дела отколку инциденти претставени под ова поглавје.

## 3.4 Инциденти според локацијата




85 инциденти (69%) се случија во Скопје и неговото пошироко градско подрачје. Беа регистрирани 11 инциденти во Прилеп, 4 инциденти во Куманово и Тетово, 2 во Велес, Неготино, Битола и Виница и 1 по инцидент во Струмица, Кичево, Табановце, Маврово, Гевгелија, Демир Хисар, Гостивар, Делчево и Охрид (локација базирана врз поширокото подрачје на тие градови).

Инцидентите во Скопје и околината вклучуваат напади помеѓу припадниците на македонската и албанската етничка заедница, како и оштетување на имотот на политичките партии. Ваквите инциденти беа забележани во повеќето општини, и тоа: Гази Баба (20), Чаир (19), Центар (17),

Аеродром (7), Карпош (5), Бутел (5), , Кисела Вода (4), Ѓорче Петров (4), Петровец (1), Студеничани (1), Чучер Сандево (1) и Арачиново (1).




## 3.5 Инциденти по месеци




Најголемиот број инциденти се случија во Март (32) и Септември – (15) инциденти месечно (повеќе од 38% од вкупниот број инциденти регистрирани во текот на целата година се случија во овие два месеци). Беа забележани и 12 инциденти во јуни, 11 во октомври и ноември, 10 во април, 8 во мај и јули, 6 во декември, 3 во февруари и 2 во јануари. Во март, јуни и септември, инцидентите се интензивираа откако владејачкото мнозинство го изгласа Законот за употребата на јазиците (март), беше потпишан Преспанскиот договор (јуни) и беше организиран и спроведен Референдумот 2018 (Септември).

## 3.6 Инциденти според пристрасна мотивација



Делата од омраза настанаа со оглед на политичката припадност (64%), етничката припадност (25%), расата (13,8%), статус на мигрант/бегалец (4,8%), религија и верско уверување (3,2%) и попреченост (0,8%). Повеќето инциденти вклучуваат етнички Македонци и Албанци и како жртви и како сторители.

## 3.7 Жртви и сторители







Во текот на годината имаше најмалку 113 жртви (од кои најмалку 41 малолетни) и 391 сторители (од кои најмалку 72 малолетни) на делата од омраза. Секогаш кога во медиумите беше известено за недефиниран број (на пример, помеѓу 10 и 15) сторители, за целите на овој извештај беше користена помалата вредност. Секогаш кога беше известено дека „група“ сторители го извршиле делото од омраза, вредноста користена во овој извештај беше 3 лица. Во најмалку 58 од вкупно 123 инциденти сторителите дејствувале како група. Мнозинството жртви беа млади машки лица. Најмалку 41 жртва од вкупно 113 беа малолетници.

## 3.8. Статус на случаите

Со оглед на тоа што не постои база на податоци за злосторства од омраза, случаите беа регистрирани преку контакт со полицијата, следење на медиумите и информации добиени директно од жртвите.

За секој забележан инцидент, МХК испрати барање за информации до Министерството за внатрешни работи за да добие информација за статусот на случаите. 1




Од добиените информации произлегува дека во 1 случај жртвата одбила да пополни записник за примање на пријава за инцидентот, поради што случајот бил затворен од страна на полицијата поради констатирано непостоење на каков било кривично-правен или прекршочен настан. Во еден случај полицијата се прогласила за ненадлежна, а во 5 случаи полицијата констатирала дека тие случаи се водат по приватна тужба. Полицијата лоцирала осомничени сторители поврзани со најмалку 28 од вкупно 123 инциденти. Најмалку 57 инциденти се под истрага, а статусот на 23 останува непознат, без постоење доволно информации од страна на полицијата. Кривични пријави биле поднесени против 24 сторители во само 8 од регистриранитеслучаи, додека во само еден случај дошло до поднесување на прекршочна пријава против едно лице. Во секој случај, статусот на поголемиот дел од регистрираните инциденти останува непознат.

# 4. АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТИНОТ ТИМ

## 4.1 Следење на националните печатени и електронски медиуми

МХК следеше голем број дневни весници со различна идеолошка наклонетост и политичко убедување. Следењето на електронските медиуми се правеше на дневна основа, преку најпопуларните интернет-генератори на вести (www.time.mk иwww.daily.mk), како и со користење на напредните опции за пребарување под секцијата „Вести" на www.google.com. Штом беше забележано злосторство или инцидент од омраза, МХК го објавуваше на веб-порталот за пријавување злосторства од омраза – www.zlostorstvaodomraza.mk (види активност 4.3. подолу). Спроведувајќи ја оваа активност, МХК забележа и објави 123 злосторства/инциденти од омраза во периодот помеѓу 1 јануари и 31 декември 2018 година.

## 4.2 Ревидирање на пријавените злосторства од омраза и придонес во Годишниот извештај на ОБСЕ/ОДИХР за злосторства од омраза и инциденти во регионот на ОБСЕ

Во мај 2018 година МХК го испрати неговиот Годишен извештај за дела од омраза за 2017 година до ОБСЕ/ОДИХР.[2] МХК останува единствената невладина организација која го информира ОБСЕ/ОДИХР за ситуацијата со делата од омраза во земјата.

## 4.3 Одржување, ажурирање и превод на веб-страницата www.zlostorstvaodomraza.mk

Во текот на извештајниот период на порталот беа поставени 123 инциденти, 28 линкови, 5 слики и 20 видеа. Годишниот извештај за делата од омраза во 2017 беше објавен на македонски, албански, и англиски под табот „Материјали". Сите инциденти регистрирани во 2018 година ќе бидат преведени на албански и англиски и достапни на порталот на овие јазици.

Помеѓу 1 јануари и 31 декември 2018 година порталот беше посетен од повеќе од 3.922 поединечни посетители кои генерираа 15.922 прегледи на страницата. Освен самиот портал и групата на Facebook и сметката на Twitter беа редовно ажурирани. Бројот на фановите на Facebook во 2018 година изнесуваше 4903, додека во 2017 година тој број беше 4706. Воедно, порталот беше промовиран и преку спонзорирани објави на Facebook што експоненцијално го зголеми бројчаникот на посетители на веб-страницата. За споредба, долната табела го покажува бројот на посети за периодот помеѓу 2013 и 2018 година:

| Година | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Посетители | 1,752 | 11,971 | 13,694 | 6,541 | 8,649 | 4,690 |

2 http://hatecrime.osce.org/former-yugoslav-republic-macedonia

## 4.4 Изготвување месечни информатори за состојбата со злосторствата од омраза во земјата

Во текот на проектниот извештаен период МХК изготви и објави десет месечни информатори. На овој начин, преку графичко претставување на податоците, на јавноста ѝ беа обезбедени информации за ситуацијата со злосторствата од омраза во земјата. Месечните билтени за март, април, мај, јуни, јули, август септември, октомври, ноември и декември беа објавени на веб-страницата на МХК,[3] како и на Facebook страницата Zlostorstva od omraza (Злосторства од омраза).[4]

## 4.5 Подготвување, превод и објавување на извештајот од следењето на злосторствата од омраза за 2018 година

Ова е континуирана активност, која се комплетираше по прибирањето одговори по поднесените барања за информации од Министерството за внатрешни работи.

## 4.6 Одбележување на предложениот Европски ден за жртвите на дела од омраза (22 јули) преку организирање на прес-конференција и настан „Турлитава"

Прес конференција за промоција на 22 јули, Европскиот ден за жртвите од дела од омраза како и за презентирање на Годишниот извештај за 2017 година беше организирана на 20 Јули во просториите на МХК. Медиумите беа присутни на прес конференцијата и објавија 16 натписи на македонски јазик во врска со тоа. Дополнително, МХК го организираше настанот „Турлитава 5" со цел за прославување на толеранцијата и мирниот соживот помеѓу припадниците на различните заедници во земјата. На настанот беа присутни околу 70 луѓе. Активноста беше смислена да се одбележи Европскиот ден за жртвите на дела од омраза и беше посветена на промоција на соживотот помеѓу заедниците и маргинализираните групи во општеството. Особено нагласено беше готвењето и дегустирањето на вкусни традиционални специјалитети што се дел од различните етнички кујни во државата.

## 4.7 Споделување на наодите од Мониторинг извештајот за 2017 година со институциите кои би можеле да имаат интерес за тоа

Испечатена копија од Годишниот извештај за криминалот од омраза за 2017 година беше споделена со 35 институции и организации. Исто така покрај печатена копија и електронска верзија беше по пат на електронска пошта споделен со претставници од 10 медиуми.

## 4.8 Организирање на прес-конференција заради споделување на наодите од Годишниот извештај

Поканата за прес-конференцијата беше споделена и на веб-страницата и на Facebook страницата на МХК.

## 4.9. Вклучување информации за злосторствата од омраза во месечните извештаи на МХК во поглед на ситуацијата со човековите права во земјата

Посебна рубрика за злосторствата од омраза беше вклучена во рамките на месечните извештаи во поглед на ситуацијата со човековите права во јуни, јули, август и декември 2018 година.

3 http://www.mhc.org.mk/pages/reports
4 https://www.facebook.com/zlostorstvaodomraza

# 5. ЗАКЛУЧОЦИ

- Бројот на инциденти регистрирани во 2018 година е двојно поголем споредбено со бројот на инциденти во 2017 година;
- Има зголемен број инциденти извршени по основ на етничка припадност и бројот на такви инциденти достигнува алармирачки 64% од сите регистрирани инциденти, скоро сите од овие инциденти се случиле помеѓу припадници на македонската и на албанската етничка заедница, но тие сѐ уште остануваат најзагрижувачки имајќи предвид дека огромното мнозинство на жртви и сторители на тие инциденти се малолетници/младинци,
- Политичките партии често користат говор на омраза во текот на јавните дебати и референдуската кампања што има за последица сторување на дела од омраза од страна на нивните поддржувачи. Говорот на омраза е исто така во голема мера користен во рубриките наменети за коментари во електронските медиуми што генерираат политички вести;
- Постои минимално намалување на бројот на политички инциденти, но трендот од претходните две години во врска со овој вид инциденти останува ист и оваа година,
- Покрај заложбите на Владата во насока на зголемување на заштитата на правата на ЛГБТ заедницата, како и покрај изборот на нов државен јавен обвинител, случаите на дела од омраза сторени врз ЛГБТИ заедницата во периодот од 2013-2015 година сеуште остануваат нерешени во јавното обвинителство;
- Сѐ уште е нејасно дали властите ја знаат разликата помеѓу делата од омраза и говорот на омраза;
- Некои од делата од омраза се извршуваат поради одмазда или ретрибуција (освета) поради претходен инцидент помеѓу македонската и албанската младина;
- Делата мотивирани од пристрасност сѐ уште не се прописно пријавени ниту истражени од страна на полицијата и/или јавното обвинителство;
- Беа направени многу малку напори за превентивни мерки вклучително и едукацијата за човекови права и подигнување на свесноста во јавноста, особено помеѓу учениците и младата популација имајќи во предвид дека значителен дел од жртвите и сторителите се малолетници или млади лица,
- Со тоа што феноменот на дела од омраза не се третира како издвоено прашање, државата не нуди посебна заштита и поддршка за жртвите.

# 6. ПРЕПОРАКИ

1. Да се земе предвид искуството на државите-членки на ЕУ во проширувањето во рамките на нивното кривично законодавство на опсегот/обемот на казнивите кривични дела од омраза и вклучувањето на другите мотиви на пристрасност позади овие дела;
2. Да се осигура брза, ажурна и ефективна истрага и гонење на делата од омраза гарантирајќи дека пристрасните мотиви се земени предвид и во текот на кривичната постапка;
3. Да се преземат соодветни мерки за да се потпомогне пријавувањето на делата од омраза од страна на жртвите, вклучувајќи мерки да се изгради доверба во полицијата и во другите државни институции;
4. Да се соберат и објават сеопфатни и компарабилни податоци за делата од омраза, колку што е можно повеќе вклучувајќи и за бројот на такви инциденти пријавени од јавноста и евидентирани од страна на органите за спроведување на законот; бројот на осуди; пристрасните мотиви позади тие кривични дела; и казните изречени на сторителите;
5. Да се осигура дека жртвите на делата од омраза се поддржани и заштитени;
6. Да се унапреди обуката на релевантните практичари кои доаѓаат во контакт со жртвите на дела од омраза, притоа овозможувајќи им ефикасно да им помагаат на овие жртви; и
7. Да се зајакнат превентивните мерки, меѓу другото и преку рефлектирање на едукацијата за човекови права, наставните планови по историја и релевантните обуки, преземање чекори за едукација на јавноста, а особено на децата и младите луѓе за вредностите на културната разновидност и инклузија, со цел сите општествени сектори да имаат одредена улога во борбата со таквата нетолеранција.

# АНЕКС

## ИНЦИДЕНТИ НА ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА ВО 2018 ГОДИНА

### 1.Навивачи на КК „Шкупи“ истепале полицајци и кошаркари на КК „Пелистер“

**Што се случило:** На 13 јануари 2018 година навивачи на кошаркарскиот клуб Шкупи во салата „Шабан Трстена“ во скопската населба Чаир повредиле двајца полицајци, еден кошаркар и технички раководител на клуб, а удирале и други играчи.

Според СВР Скопје, инцидентот почнал во 19.20 часот, по завршување на натпреварот помеѓу кошаркарскиот клуб „Шкупи“ и кошаркарскиот клуб „Пелистер“. Од трибината каде што била навивачката група на „Шкупи“ била фрлена една петарда на клупата каде што седеле кошаркарите на „Пелистер“. Тие потоа возвратиле со фрлање пластично шише полно со вода кон навивачите.

Потоа навивачите на кошаркарскиот клуб „Шкупи“ ја прескокнале оградата од трибината и нападнале неколку кошаркари на „Пелистер“, при што со повреди се здобиле техничкиот раководител на клубот и еден од играчите, како и двајца униформирани полицајци.

За случајот веднаш бил известен и јавен обвинител, а полицијата работи на расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 13 јануари 2018 година, во 19.20 часот, салата „Шабан Трстена“ во скопската населба Чаир.

**Извор на информации:** Електронски медиум libertas.mk.

**Инволвирани жртви:** повеќе повредени, од кои 2 полицајци, 1 кошаркар и 1 технички раководител на клуб

**Вид на злосторства:** Телесна повреда (Член 131, КЗ на РСМ), Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста ( чл.383 од КЗ)

**Сторители:** повеќе сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло и припадност на навивчка група* – жртвите биле од македонска етничка припадност, а напаѓачите биле од албанска етничка заедница и членови на навивачка група на Шверцери.
2. *Локацијата* – инцидентот се случил во спортска сала после натпревар.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Нема информации од МВР за овој инцидент.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

### 2. Навредлив графит во Битола

**Што се случило:** На социјалните мрежи се појави фотографија од графит на ѕидот на една зграда во Битола. „Смрт за Шиптари!“ на македонски и албански јазик и иронична забелешка „Закон си е

закон“ е најновиот израз на говор на омраза по етничка основа, кој го „краси“ ѕидот на оваа битолска улица од денеска.

Ова доаѓа по изгласаниот закон за употреба на јазиците и не е реткост во Битола, според набљудувачите на ЦИВИЛ. На годишнината на албанската азбука, пред две години, беа искршени прозорците од Музејот на албанската азбука, а во март минатата година беа фрлени четири молотови коктели во истиот објект.

**Датум, време и место на инцидентот:** 18 јануари, неопределно, на ѕидот на една зграда во Битола.

**Извор на информации:** социјални мрежи, електронски медиум цивилмедиамк.мк.

**Инволвирани жртви:** нема.

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), Предизвикување на расна, верска и национална нетрпеливост и омраза (Член 319, КЗ на РСМ)

**Сторители:** идентификувани двајца сторители од кои еден малолетен (17).

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – и претходно се испишуваат графити со говор на омраза по етничка основа

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** МВР на 30.01.2018 година поднесе кривични пријави против двајца сторители за кривично дело за расна и друга дискриминација.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

### 3. Тепачка меѓу две групи малолетници и каменување на автобус бр.65-6

**Што се случило:** На 01.02.2018 година околу 19.35 часот во Единицата за информации и команда Скопје, возач во Јавното сообраќајно претпријатие Скопје пријавил дека на ул. „Алија Авдовиќ“ имало тепачка помеѓу две групи малолетници. Притоа, едната група го каменувала автобусот со број 65-6, кој сообраќал на релација Транспортен центар-Брњарци, од што биле искршени четири стакла од вториот кат на автобусот. Еден камен го пробил стаклото и удрил 15-годишник од с.Стајковци, скопско. Во врска со настанот, во полициската станица Гази Баба биле приведени 20 лица од двете групи. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** На 01.02.2018 година околу 19.35 часот, на ул. „Алија Авдовиќ“ с. Синѓелиќ, автобус бр. 65-6, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** еден малолетник повреден (16).

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), Предизвикување на општа опасност (Член 288, КЗ на РСМ), Телесна повреда (член 130 од КЗ на РСМ)

**Сторители:** 20 сторители од двете групи.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

*1. Разлика во етничкото потекло* – во нападнатиот автобус бр. 65 на ЈСП сообраќа во реон каде живеат и се движат луѓе од различно етничко потекло (македонци и албанци), двете групи малолетници кои се тепале биле од различно етничко потекло(македонци и албанци);

*2. Модел на претходни инциденти* – како и сите претходни каменувања и напади на автобуси или напади во автобуси на јавен превоз

*3. Место* – Инцидентот се случил на авотбуска станица  и улица каде и претходно имало вакви и слични напади и каде што живеат и поминуваат луѓе од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, известуваат дека работат на расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на луѓето во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив (јавен превоз, населби во кои живеат и се движат, јавни простори автобуски постојки).

## 4. Запалени албанско и грчко знаме за време на протест

**Што се случило:** За време на протестот за одбрана на името кој се одржа на 27 февруари 2018 година и кој започна во 18 часот пред седиштето на ЕУ во Скопје, а продолжи пред Собранието се случија неколку инциденти, информираа од МВР.

Според полицијата, при пристигнувањето на граѓаните, од страна на неколку лица биле фрлани камења кон зградата на ЕУ- Инфо Центар, при што со еден камен е погоден полициски службеник во пределот на левата надколеница. Исто така, за време на протестот, пред Собранието, од страна на неколку непознати лица биле запалени знамињата на Република Грција и Република Албанија. При преземање мерки и активности, во паркот Жена борец во Скопје биле пронајдени пет шишиња со запалива течност, а во врска со настанот бил приведен К.Г.(24) од Скопје. По извршениот разговор, К.Г. е задржан во полициска станица. За време на протестот, пред Собранието, од страна на неколку непознати лица биле запалени знамињата на Република Грција и Република Албанија.

**Датум, време и место на инцидентот:** На 27.02.2018 година околу 18.00 часот, седиште на Еу делегација во Скопје и Собрание на РСМ.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** нема.

**Вид на злосторства:** Предизвикување на општа опасност (Член 288, КЗ на РСМ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (член 319 од КЗ)

**Сторители:** еден идентификуван сторител, повеќе неидентификувани.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло и национална припадност а пристрасните индикатори се:

*1. Модел на претходни инциденти* – и претходните протести беа обележани со говор на омраза и предизвикување на етничка и национална нетрпеливост како спрема етничките заеници кои живеат во нашава земја така и спрема соседните националности.

*2. Место* – Инцидентот се случил пред седиштето на меѓународна заедница како и пред Собранието на РСМ.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, известуваат дека еден сторител е идентификуван и приведен во полициска станица, а дека по целосно расчистување на случаот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна и политичка состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

### 5. Кукасти крстови нацртани на споменикот на Крале Марко во Прилеп

**Што се случило:** Во текот на ноќта помеѓу 17 и 18 јануари 2018 година непознати сторители нацртале кукасти крстови на споменикот на Крале Марко во центарот на Прилеп. Инспекциските служби при Општина Прилеп го регистрираа овој вандалски чин, а во текот на денот споменикот беше исчистен.

Од Општината велат дека случајот е пријавен во полиција.

„Општина Прилеп го осудува ваквиот вандалски чин и упатува апел до граѓаните на Прилеп да ги чуваат спомениците и споменичните обележја во градот, а секој обид за нивно скврнавење да го пријават во полициската станица", се вели во соопштението.

**Датум, време и место на инцидентот:** ноќта помеѓу 17 и 18 јануари 2018 година, споменикот на Крале Марко во центарот на Прилеп.

**Извор на информации:** електронски медиум макфакс.ком.мк.

**Инволвирани жртви:** нема.

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (член 319 од КЗ)

**Сторители:** непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – и претходно се испишуваат графити со говор на омраза по етничка основа

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, известуваат дека работат на расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

### 6. Напад врз полициски службеник пред објектот на МНР

**Што се случило:** Од страна на непознато лице физички бил нападнат полициски службеник кој вршел внатрешно обезбедување на објектот. Имено, полицискиот службеник слушнал тропање пред објектот и кога излегол надвор забележал неколку непознати лица од кои едниот физички го нападнал. Во врска со настанот, во Полициска станица Центар биле приведени М.Ј.(30) и Ф.В.(30) двајцата од Скопје, Б.Д.(29) од Куманово и В.Д.(32) од Тетово. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 28.03.2018 година околу 01.30 часот пред Министерство за надворешни работи во Скопје

**Извор на информации:** МВР дневен билтен

**Инволвирани жртви:** нападнат полициски службеник

**Вид на злосторства:** Телесна повреда (член 130 од КЗ на РСМ), Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста ( чл.383 од КЗ)

**Сторители:** 4 идентификувани сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничка припадност, а пристрасните индикатори се:

*1. Етничката припадност* – жртвата со сторителите се од различна етничка припадност

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** На Барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент, МВР даде одговор за овој случај од нивната евиденција, но не потврди ниту еден од индикаторите за квалифицирање како дело од омраза.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање безбедноста на различните етнички заедници во земјата.

### 7. Избодено момче на автобуската постојка „Рекорд“

**Што се случило:** На 1 март 2018 година на пладне, 17-годишно момче било избодено со нож на „Рекорд“ во центарот на Скопје, соопшти МВР.

Момчето било нападнато од две лица и е прободено со остар предмет во стомакот. Напаѓачите најверојатно користеле нож.

Нападот се случил околу 12.40 часот на прометната автобуска постојка на Рекорд во центарот на Скопје. Минувачите повикале итна помош, а повредениот тинејџер е префрлен во Градската општа болница Свети Наум Охридски.

Полицијата го истражува случајот, приведени се двајца сторители, поднесени се две кривични пријави против истите.

**Датум, време и место на инцидентот:** 1 март 2018 година на пладне, на Рекорд во Скопје.

**Извор на информации:** Дневен билтен на Министерство за внатрешни работи, Електронски медиум спортмедиа.мк; Електронски медиум спортклуб.мк. телевизиски медиум: Канал 5 телевизија.

**Инволвирани жртви:** еден 16 годишен ученик кој е и навивач на Комити.

**Вид на злосторства:** Тешка телесна повреда (Член 131, КЗ на РСМ), Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** двајца идентификувани сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

*1. Етничкото потекло и припадност на навивчка група* – жртвата била од македонска етничка припадност и бил член на навивачка група Комити, а напаѓачите наводно биле од албанска етничка заедница и членови на навивачка група на Шверцери иако водачите на двете навивачки групи го негирале тој податок;

*2. Локацијата* – инцидентот се случил во јавност на автобуска постојка.

**Статус на случајот:** поднесена кривична пријава, против малолетен 15 год и Р.А. (18) за кривично дело „Наилство“ по член 386 од КЗ на РСМ. За понатамошниот тек на постапката немаме информација до каде е истата.

**Одговор на локалните власти:** На Барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати до МВР во врска со овој инцидент, МВР даде одговор за овој случај од нивната евиденција, но не потврди ниту еден од индикаторите за квалификување како дело од омраза.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 8. Физички нападнат Стевче Јакимовски

**Што се случило:** Стевчо Јакимовски движејќи се во близина на Католичката црква во Скопје, со уште двајца свои пријатели, наводно бил наоаднат од советник во кабидентот на премиерот. Случајот е пријавен во полициска станица и во тек е негово расчистување. Споменатиот Ф.А. негира дека имало физичка пресметка, според него имало само вербална расправија. Јакимовски тврди дека наводно во полициската станица Карпош не сакале да му ја примат пријавата за овој случај, додека пак Ф.А. изјавува дека така му било кажано оти требало да го пријави случајот во П.С. Центар.

**Датум, време и место на инцидентот:** 20 март, 11:00 часот, во близина на Католичката црква во Скопје.

**Извор на информации:** електронски медиум Нетпресс.цом.мк

**Инволвирани жртви:** Стевчо Јакомовски

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ) , Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ)

**Сторители:** Ф.А. од Скопје

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичката припадност на жртвата и строителот, а пристрасните индикатори се:

*1. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, случајот е заведен само како поплака.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба и политичката стабилност во земјата.

## 9. Протести пред домот на Ременски

**Што се случило:** Незадоволни од донесување на Законот за употреба на јазиците, група граѓани протестирале пред домот на пратеничката на СДСМ Фросина Ременски. Пратеничката на својот фб профил напиша статус дека ќе поднесе кривична пријава против со се што поседува како доказ. Исто така наведува дека на чело на протестот биле две лица С.Л. и Т.Ј. од ОК Карпош на ВМРО ДПМНЕ.

**Датум, време и место на инцидентот:** 19 март, во вечерните часови, с. Бардовци пред домот на пратеничката Ременски.

**Извор на информации:** електронски медиум: тиме.мк, електронски медиум Канал 5 телевизија

**Инволвирани жртви:** пратеничката Ременски

**Вид на злосторства:** Загрозување на сигурноста (Член 144 од КЗ), Насилство (Член 386, КЗ)

**Сторители:** Група од десетина сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

*1. Перцепција на жртвата* – според изјава дадена за социјалните медиумите, жртвата гледа на инцидентот како пристрасно мотивиран;

*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одоговорот кој го добивме од МВР, се наведува дека е известен ОЈО и дека ќе биде пуштен соодветен поднесок.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 10. Протести пред домот на пратеникот Велковски

**Што се случило:** Незадоволни од донесување на Законот за употреба на јазиците, група граѓани протестирале пред домот на пратеникот Велковски. **Датум, време и место на инцидентот:** 18 март, во вечерните часови, нас. Аеродром пред домот на пратеникот Велковски.

**Извор на информации:** електронски медиум: курир.мк, дневен весник Вечер

**Инволвирани жртви:** пратеникот Велковски

**Вид на злосторства:** Загрозување на сигурноста (Член 144 од КЗ на РСМ), Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** Група од десетина сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одоговорот кој го добивме од МВР, овој случај воопшто не е евидентиран ( иако од фотографиите се гледа дека има полициско обезбедување).

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 11. Протести пред домот на пратеничката Кети Смилевска

**Што се случило:** Незадоволни од донесување на Законот за употреба на јазиците, група граѓани протестирале пред домот на пратеничката на СДСМ Кети Смилеска.

**Датум, време и место на инцидентот:** 18 март, во вечерните часови, Прилеп, пред домот на пратеничката Кети Смилеска.

**Извор на информации:** електронски медиум: емагазин.мк, електронски медиум слободнаевропа.мк

**Инволвирани жртви:** пратеничката Смилеска

**Вид на злосторства:** Загрозување на сигурноста (Член 144 од КЗ на РСМ), Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** Група од десетина сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одоговорот кој го добивме од МВР, овој случај воопшто не е евидентиран.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

### 12. Протести пред домот на пратеничката Прентовиќ

**Што се случило:** Незадоволни од донесување на Законот за употреба на јазиците, група граѓани протестирале пред домот на пратеничката на СДСМ Татјана Прентовиќ.

**Датум, време и место на инцидентот:** 16 март, во вечерните часови, нас. Драчево, пред домот на пратеничката Татјана Прентовиќ.

**Извор на информации:** електронски медиум: емагазин.мк, електронски медиум слободнаевропа.мк

**Инволвирани жртви:** пратеничката Прентовиќ

**Вид на злосторства:** Загрозување на сигурноста (Член 144 од КЗ на РСМ), Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** Група од триесетина сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одоговорот кој го добивме од МВР, овој случај воопшто не е евидентиран (иако на фотографиите од изворот се гледа дека имало полициско обезбедување).

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

### 13. Протести пред домот на пратеникот Локвенец

**Што се случило:** Незадоволни од донесување на Законот за употреба на јазиците, група граѓани протестирале пред домот на пратеникот Локвенец. **Датум, време и место на инцидентот:** 18 март, во вечерните часови, Прилеп пред домот на пратеникот Локвенец.

**Извор на информации:** медиуми http://javno.mk/miloshoski-za-lokvenets-sega-se-zhali-vo-2013-ta-predvodeshe-protesti-pred-domot-na-stevanadhija/

**Инволвирани жртви:** пратеникот Локвенец

**Вид на злосторства:** Загрозување на сигурноста (Член 144 од КЗ на РСМ), Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** нема доволно податоци

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одоговорот кој го добивме од МВР, овој случај воопшто не е евидентиран.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

### 14. Летоци со навреди за пратеникот на СДСМ во Делчево

**Што се случило:** Незадоволни од донесување на Законот за употреба на јазиците, група граѓани расфрлиле летоци со навредлива содржина за пратеникот на СДСМ во Делчево.

**Датум, време и место на инцидентот:** Делчево, нема други податоци.

**Извор на информации:** http://www.ohridnet.com/vesti/makedonija/14861-zakonot-za-jazicite-predizvika-protesti-navredi-i-proslavi

**Инволвирани жртви:** пратениот на СДСМ во Делчево

**Вид на злосторства:** Загрозување на сигурноста (Член 144 од КЗ на РСМ) **Сторители:** непознат сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој случај не е евидентиран.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

### 15. Протести пред домот на пратеникот Панче Иванов

**Што се случило:** Незадоволни од донесување на Законот за употреба на јазиците, група граѓани протестирале пред домот на пратеникот Панче Иванов. **Датум, време и место на инцидентот:** март, во вечерните часови, Велес пред домот на пратеникот Панче Иванов.

**Извор на информации:** електронски медиум: вести.мк

**Инволвирани жртви:** пратеникот Панче Иванов

**Вид на злосторства:** Загрозување на сигурноста (Член 144 од КЗ на РСМ)

**Сторители:** Група од неколку сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, овој случај воопшто не е евидентиран.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

### 16. Испишани графити

**Што се случило:** Испишани графити со навредлива содржина на повеќе места низ земјава, поттикнати од донесувањето на Законот за употреба на јазиците.

**Датум, време и место на инцидентот:** март, во различни места из државата.

**Извор на информации:** медиум: www.ohridnet.com/vesti/makedonija/14861-zakonot-za-jazicite-predizvika-protesti-navredi-i-proslavi

**Инволвирани жртви:** пратеници и политичари на СДСМ

**Вид на злосторства:** Загрозување на сигурноста (Член 144 од КЗ на РСМ), Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (член 319 од КЗ)

**Сторители:** непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – и претходно се евиднетирани графити чија содржина претставува говор на омраза.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одоговорот кој го добивме од МВР, регистрирани се само два вакви настани, и двата во Прилеп од 15.03.2018 и 24.03.2018 година и се преземаат мерки за расчистување на случите.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 17. Напад на пратеникот Горан Милевски

**Што се случило:** Пратеникот и лидер на ЛДП Горан Милевски бил нападнат од непознато лице кое му удрило неколку шлаканици на скопскиот централен плоштад. Случајот е пријавен во полициска станица Центар, а пратеникот побарал медицинска помош. На 04.04.2018 полицијата го идентификувала сторителот и против него е поднесена кривична пријава за кривично дело Насилство согласно член 386 од КЗ.

**Датум, време и место на инцидентот:** 20 март, градски плоштад во Скопје.

**Извор на информации:** електронски медиум: судство.мк, доказ.мк, пресс24.мк

**Инволвирани жртви:** пратеникот Горан Милевски

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** еден идентификуван сторител (П.В.).

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Перцепција на жртвата* – жртвата гледа на инцидентот како пристрасно мотивиран;
2. *Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** поднесена кривична пријава, нема информации за текот на кривичната постапка.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, се наведува дека е поднесена кривична пријава за кривично дело Насилство по член 386 од КЗ.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 18. Запален автомобилот на пратеничката Шуманска

**Што се случило:** Непознати сторители откако го скршиле стаклото на возилото Сеат Леон на пратеничката на СДСМ Шуманска во Виница, го запалиле истото, при што причиниле материјална штета. Полицијата и ОЈО излегле на лице место, по што подигнати се предмети и траги за вештачење. МВР презема мерки и активности за целосно расчистување на случјаот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 15 март, 01:30 часот, во Виница.

**Извор на информации:** електронски медиуми: сдк.мк

**Инволвирани жртви:** пратеничката Шуманска

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), Предизвикување на општа опасност (Член 288, КЗ на РСМ).

**Сторители:** непознат сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, се наведува дека е известен ОЈО и се работи на расчистување на овој случај.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата.

### 19. Тепачка кај средното училиште „Арсениј Јовков“ во Скопје

**Што се случило:** Вработен во средното училиште Арсениј Јовков во Скопје пријавил дека надвор од училишниот двор 16 годишен ученик од с. Студеничани бил нападнат од друг малолетник, а на тепачката подоцна се придружиле и уште неколку други малолетници и ученици во училиштето. Нападнатниот малолетник се здобил со телесни повреди, а случајот е пријавен во полиција.

**Датум, време и место на инцидентот:** 09 март, околу 16:00 часот, пред училишниот двор на ДСУ Арсениј Јовков во Чаир, Скопје.

**Извор на информации:** Електронски медиум Канал 5 телевизија.

**Инволвирани жртви:** 1 малолетник (16 год.).

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ), Учество во тепачка (Член 132, КЗ на РСМ)

**Сторители:** Група малолетници од кои еден е идентификуван.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил пред училишниот двор на средно училиште кое се наоѓа во Чаир (мешана етничка средина) пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – нападнатиот малолетник и малолетниците напаѓачи се од различно етничко потекло (македонци и албанци);

2. *Модел на претходни инциденти* – судир и конфликт помеѓу ученици од различно етничко потекло особено во главниот град се случува многу често. Ваквите судири најчесто се случуваат помеѓу деца од македонско и албанско етничко потекло, додека другите заедници поретко или никогаш не се инволвирани во вакви инциденти.

3. *Место* – Инцидентот се случил во средно училиште и во населено место каде живее мешано етничко население и учат ученици од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, се наведува дека од преземените мерки и активности како сторител е утврдено едно малолетно машко лице, а се преземаат дополнителни мерки и активности за откривање на идентитетот на другите лица инволвирани во инцидентот. Исто така се наведува дека по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок до ОЈО

( напомена: во вакви случаи важи Законот за правда за децата и постапката за деца во ризик и деца вклучени во кривични дела се разликува од онаа утврдена со ЗКП).

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

### 20. Нападнат пратеникот Бранко Синадиновски

**Што се случило:** Пратеникот на ДУИ, Бранко Синадиновски бил нападнат од двајца непознати напаѓачи, при што бил жестоко удиран и клоцан по главата, лицето и стомакот. Потоа со помош на лица од околината бил однесен во болница. Полицијата работи на расветлување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 06 март, околу 14:10 часот, пред неговиот дом во Аеродром, Скопје.

**Извор на информации:** Електронски медиум фактор.мк

**Инволвирани жртви:** повреден пратеникот Синадиновски.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ)

**Сторители:** двајца непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување и етничка припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.
2. *Разлика во етничкото потекло- пратеникот Бранко Синадиновски е албанец со православна вероисповест, а член на албанската политичка партија ДУИ*

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, се наведува дека е известен ОЈО и се работи на расчистување на овој случај.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и стабилноста на политичката состојба.

### 21. Инцидент пред ноќен клуб во Скопје

**Што се случило:** момче било претепано пред ноќен клуб во Скопје, и притоа се здобило со тешки повреди. Инциентот се случил пред ноќен клуб на улицата „Јордан Мијалков", кога од страна на група непознати сторители бил физички нападнт 25-годишниот Н.Б. од Скопје. Од физичкиот напад оштетениот се здобил со видливи повреди скршеница на горната вилица, оток и други повреди на главата.

**Датум, време и место на инцидентот:** март, ноќните часови, пред ноќен клуб во Скопје на ул. Јордан Мијалков.

**Извор на информации:** Електронски медиуми нетпресс.ком.мк.

**Инволвирани жртви:** една жртва

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ),

**Сторители:** Непознати.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничка припадност, а пристрасните индикатори се:

*1. Целна локација* – целна локација е пред ноќен клуб, каде воедно има и автобуска постојка на автобус кој сообраќа во мултиетничка средина ( бр. 9 на ЈСП и приватни);

*2. Модел на претходни инциденти- етничката нетрпеливост резултира на зголемениот говор на омраза*

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Случајот не е евидентиран во МВР.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата безбедност и стабилност во земјата.

## 22. Лице нападнато во старата скопска чаршија во Скопје

**Што се случило:** На 10.03.2018 година околу 15,30 часот Г.Р.(23) од Скопје пријавил дека додека седел во угостителски објект во старата скопска чаршија, му се приближил Ј.М. и го повикал Г.Р. да излезе надвор од локалот, по што заедно со уште две непознати лица физички го нападнале. Г.Р. со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во Градска општа болница Св. „Наум Охридски". Ј.М. е приведен во полициска станица и се работи на целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 10.03.2018 година околу 15,30 часот, угостителски објект во Старата скопска чаршија

**Извор на информации:** медиуми, МВР билтен

**Инволвирани жртви:** една жртва.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ)

**Сторители:** три непознати лица, од кои еден е идентификуван и лишен од слобода, по другите се трага.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

*1. Разлика во етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите се од различно етничко потекло (македонци и албанци) видно од иницијалите;

*2. Место* – Инцидентот се случил во старата скопска чаршија ( мешана етничка средина)

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, се наведува дека едниот сторител е идентификуван, а по другите двајца се трага и доколку се идентификуваат иститие ќе бидат лишени од слобода.

Исто така се наведува дека по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок до ОЈО.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе.

## 23. Автобус на ЈСП бр. 50 каменуван на Битпазар

**Што се случило:** На бул. Крсте Мисирков, на автобуска постојка на Битпазар, од страна на едно лице бил каменуван автобус бр. 50 на ЈСП, при што биле скршени три прозорци на автобусот. Како сторител идентификуван е А.М. (22) од Скопје и истот е приведен во полициска станица. МВР презема мерки за откривање на другите двајца сторители.

**Датум, време и место на инцидентот:** 22 март, околу 14:30 часот, бул Крсте Мисирков, Битпазар, Скопје.

**Извор на информации:** Електронски медиум А1 он мк.

**Инволвирани жртви:** нема.

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), Предизвикување на општа опасност (Член 288, КЗ на РСМ)

**Сторители:** еден сторител кој е идентификуван.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – во нападнатиот автобус бр. 50 на ЈСП најчесто се превезуваат лица од македонско етничко потекло, а напаѓачот се од различно етничко потекло (македонци и албанци);

2. *Модел на претходни инциденти* – како и сите претходни каменувања и напади на автобуси или напади на авотбуски станици

3. *Место* – Инцидентот се случил на авотбуска станица  и улица каде и претходно имало вакви и слични напади и каде што живеат и поминуваат луѓе од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР нема информација за овој случај.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на луѓето во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив (јавен превоз, населби во кои живеат и се движат, јавни простори автобуски постојки).

### 24. Напад на средношколец кај Транспортен центар  во Скопје

**Што се случило:** Шеснаесет годишен средношколец, додека се движел по ул. Анастас Митрев во близина на Транспортниот Центар во Скопје, бил нападнат од група млади момчиња при што се здобил со убодни рани во едната нога, поради што малолетникот бил однесен во Ургентниот центар во Скопје. Случајот е пријавен во МВР.

**Датум, време и место на инцидентот:** 24 март, околу 15:30 часот, кај Транспортниот центар ( ул. Анастас Митрев), Скопје.

**Извор на информации:** Електронски медиум Телма телевизија.

**Инволвирани жртви:** 1 малолетник (16 год.).

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ),  Учество во тепачка (Член 132, КЗ на РСМ)

**Сторители:** поголема група сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата е малолетник а со напаѓачите се од различно етничко потекло (македонци и албанци);

2. *Модел на претходни инциденти* – се напаѓаат осамени малолетници, а напаѓачите се полнолетни или во група

3. *Место* – Инцидентот се случил во близина на Транспортниот центар во Скопје, каде и претходно имало вакви и слични напади и каде што живеат и поминуваат луѓе од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, овој инцидент воопшто не е регистриран.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 25. Демант од МВР дека е поставено албанско знаме на граница во Гевгелија

**Што се случило:** Откако во некои медиуми се појавија фотографии дека на границата во Гевгелија е поставено албанско знаме, МВР излезе со демант дека службено не се поставени такви знамиња на овој граничен премин, а дека е веројатно објавените фотографии да се фотомонтажа или да е ставено знамето, фотографирано од трети лица и потоа тргнато.

**Датум, време и место на инцидентот:** 18 март, неопределно, граничен премин Гевгелија.

**Извор на информации:** Електронски медиум мкд.мк.

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид на злосторства:** Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (член 319 од КЗ)

**Сторители:** неидентификуван сторител/и.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

> *1. Место* – Инцидентот се случил така што во средина каде живеат најголем дел македноци, истакато била албанско знаме. Ова е во контекстст на Законот за употреба на јазиците, и серијата инциденти поврзани со него.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, овој случај не е евидентиран како инцидент.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 26. Тепачка во Аеродором

**Што се случило:** На 11.03.2018 година во периодот од 01,00 до 01,10 часот во Полициска станица Аеродром К.С.(25), Д.Д.(25), М.М.(21) и Х.К.(19) сите од Скопје, пријавиле дека биле физички нападнати од поголема група на лица на паркинг простор на улица „Фрањо Клуз“ и „Анастас Митрев“. Се работи на целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 11 март, 01:00 часот, на паркинг во Аеродром.

**Извор на информации:** Дневен билтен на Министерството за внатрешни работи.

**Инволвирани жртви:** 4 лица жртви.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ).

**Сторители:** поголема група сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничка припадност, а пристрасните индикатори се:

> *1. Место* – Инцидентот се случил во близина на Транспортниот центар во Скопје, каде и претходно имало вакви и слични напади и каде што живеат и поминуваат луѓе од различни етнички заедници.

*2. Модел на претходни инциденти* – На овој инцидент му претходат инциденти од два дена претходно, кога во поголеми тепачки се судрија групи од различна етничка припадност, а се следи од Законот за употреба на јазиците.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивеме од МВР, овој инциден е заведен како прекршок против јавен ред и мир чл. 12 ЗППЈРСМ.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата стабилност во земјата.

## 27. Нападнати полицајци на плоштадот Скендербег во Скопје

**Што се случило:** На 11.03.2018 година околу 22,10 часот во Скопје, на Плоштад "Скендербег", по извршено легитимирање на А.И.(26) од Скопје, од страна на полициски службеници, истиот се вратил со поголема група лица упатувајќи им закани по животот на полициските службеници, по што лицата се дале во бегство. МВР презема мерки за пронаоѓање на лицата и целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 11 март, околу 22:10 часот, плоштад Скендербег, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** полициски службеник

**Вид на злосторства:** Загорзување на сигурноста (Член 144 од КЗ на РСМ) Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста ( чл.383 од КЗ)

**Сторители:** еден сторител кој е идентификуван.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

*1. Разлика во етничкото потекло* – жртвата и напаѓачот се од различно етничко потекло (македонци и албанци);

*2. Место* – Инцидентот се случил на место каде и претходно имало вакви и слични напади и каде што живеат и поминуваат луѓе од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР наведуваат дека сторителот е идентификуван и дека од нивна страна до ОЈО ќе биде поднесен соодветен поднесок.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 28. Графити на средно училиште во Прилеп

**Што се случило:** На 15.03.2018 година во Прилеп, на ѕидовите од спортската сала во Средното училиште „Кузман Јосифовски Питу" непознат сторител испишал графити со навредлива содржина.

**Датум, време и место на инцидентот:** 15 март, неопределно, на средно училиште Кузман Јосифовски Питу Прилеп.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** нема.

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ)

**Сторители:** непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – и претходно се испишуваат графити со говор на омраза по етничка основа

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, извршен е увид и преземени се мерки и активности за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 29. Графити на Кеј 9-ти септември во Прилеп

**Што се случило:** На 24.03.2018 околу 08.40 часот било пријавено дека на зграда на ул. „Кеј 9-ти Септември" во Прилеп имало испишан графит со навредлива и заканувачка содржина. Се преземаат мерки за расчистување на случајот

**Датум, време и место на инцидентот:** 24.03.2018 околу 08.40 часот, зграда на ул. „Кеј 9-ти Септември" во Прилеп.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** нема.

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ)

**Сторители:** непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – и претходно се испишуваат графити со говор на омраза по етничка основа

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, извршен е увид и утврдено е дека станува збор за стар геафит, од пред повеќе месеци, но се преземаат мерки и активности за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 30. Навредливи графити на Институтот за клутурно наследство на Албанците

**Што се случило:** На 15.03.2018 година на објектот на Институтот за културно наследство на Албанците во Северна Македонија во Скопје на бул.„Илинденска", непознат сторител испишал графити со навредлива содржина.

**Датум, време и место на инцидентот:** 15.03.2018 година неопределно време, Институтот за културно наследство на Албанците во Северна Македонија.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** нема.

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ)

**Сторители:** непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – и претходно се испишуваат графити со говор на омраза по етничка основа

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, извршен е увид и разговарано е со одговорното лице на Институтот, при што му е укажано дека станува збор за дело кое се гони по службена должност, и дека треба да достават записник за примање на пријава. До сега таков записник, ниту изјава немаат доставено до МВР.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 31. Графити со закани на штабот на СДСМ во Виница

**Што се случило:** На надворешниот ѕид од штабот на СДСМ во Виница, се појавија графити со навредлива и заканувачка содржина.

**Датум, време и место на инцидентот:** 20 март, ноќните часови, општински штаб на СДСМ во Виница.

**Извор на информации:** Електронски медиум маркукуле.мк.

**Инволвирани жртви:** нема.

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), Предизвикување на општа опасност (Член 288, КЗ на РСМ)

**Сторители:** непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти каде се испишани пораки кои содржат говор на омраза.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој случај воопшто не е евидентиран.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и политичката стабилност.

## 32. Графити со закани на штабот на СДСМ во Гостивар

**Што се случило:** На 17.03.2018 година било пријавено дека во Гостивар во времето од 01,20 до 01,40 часот непознат сторител со камења и парчиња од бекатон плочки скршил три изложни стакла од просторијата на седиштето на општинската организација на политичката партија СДСМ, лоцирана на улицата "Илинденска". Од страна на увидна екипа од Полициската станица Гостивар бил извршен увид и се превземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 17 март, од 01,20-01,40 часот, општински штаб на СДСМ во Гостивар.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР, електронски медиум судство.мк.

**Инволвирани жртви:** нема.

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ),

**Сторители:** непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери..

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР сеуште се преземаат мерки и активности за расчистување на овој случај.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и политичката стабилност.

### 33. Опожарена викенд куќа на советник на ВМРО-ДПМНЕ

**Што се случило:** Викедницата на советникот на ВМРО-ДПМНЕ во Општина Прилеп, Петар Ристески, е опожарена од како што се сомнева самиот тој подметнат пожар. Советникот за пожарот дознал од полицијата.

**Датум, време и место на инцидентот:** 19 март, околу 22:30 часот, викендица во Прилепско.

**Извор на информации:** Електронски медиум фокус.мк.

**Инволвирани жртви:** нема.

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), Предизвикување на општа опасност (Член 288, КЗ на РСМ)

**Сторители:** еден сторител кој е идентификуван.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР за овој случај воопшто нема дополнителни податоци.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и политичката стабилност.

### 34. Вандалски графит на канцеларијата на пратеници во Прилеп

**Што се случило:** На ѕидот од канцеларијата за контакти со граѓаните на пратениците од СДСМ во Прилеп осамна испишан графит „Локвенец и Кети – мртви сте ВМРО“. Случајот е пријавен во полиција и е направен записник.

**Датум, време и место на инцидентот:** 26 март, неопределно време, канцеларијата на пратеници во Прилеп

**Извор на информации:** Електронски медиум бриф.мк.

**Инволвирани жртви:** нема.

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ)

**Сторители:** еден сторител кој е идентификуван.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој случај воопшто не е евидентиран.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и политичката стабилност.

## 35. Физички напад во Чento, Скопје

**Што се случило:** На 18.03.2018 година во 16,30 часот, Р.И. (62) од с. Брњарци-скопско, пријавил дека истиот ден околу 16,00 часот во угостителски објект на улицата „Маџари" бил физички нападнат од страна на четири непознати лица. Додека седел во угостителскиот објект, влегле лицата и едно од нив со чаша го удрило во пределот на главата. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 18.03.2018 година во 16,30 часот, угостителски објект на улицата „Маџари", Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 1 жртва.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ)

**Сторители:** 4 (четири) сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

> *2. Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачите се од различно етничко потекло (македонци и албанци);
>
> *3. Место* – Инцидентот се случил во нас. Чento, каде и претходно имало вакви и слични напади и каде што живеат и поминуваат луѓе од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР е наведено дека се преземаат мерки и активности за откривање и санкционирање на сторителите на овој инцидент согласно Законот за прекшроци против јавен ред и мир.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 36. Нападнато службено лице на етничка основа

**Што се случило:** На 18.03. 2018 година во 21,20 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје било пријавено дека истиот ден околу 18,30 часот во с.Петровец-скопско во касарната „Страшо Пинџур", професионален војник додека извршувал задачи на стражарското место кај хеликоптерското одделение, забележал три лица кои дошле со патничко возило. Откако биле предупредени да се оддалечат од оградата од касарната бидејќи се работи за воен објект, лицата почнале да фрлаат со камења кон него, а потоа го напуштиле местото на настанот. На С.М. му била укажана лекарска помош во Градската општа болница „8-ми Септември" и е пуштен на домашно лекување. Се работи на целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 18.03. 2018 година во 21,20 часот, с.Петровец-скопско во касарната „Страшо Пинџур"

**Извор на информации:** дневен билтен

**Инволвирани жртви:** еден професионален војник

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ)

**Сторители:** тројца непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

> *1. Место* – Инцидентот се случил на место каде околните села живеат лица од албанска етничка заедница

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР се наведува дека полициските службеници извршиле анкетирање и разговори со повеќе повикани лица и дека се преземаат мерки и активности за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на луѓето.

### 37. Оштетување на гроб спротив џамија во Охрид

**Што се случило:** На 23.03.2018 година во 16.00 часот во Полициската станица Охрид од граѓанин било пријавено дека непознато лице врши оштетување верски објект-гроб на ул. „Гоце Делчев" спроти Хајдар Пашина џамија. Од извршениот увид било утврдено дека околу 15.50 часот непознатиот сторител ја искршил покривката од ќерамиди на Турбе (гроб на незнаен муслимански светец), по што побегнал. Од преземените мерки било утврдено дека сторител на делото е Е.Ш.(38) од Охрид. Тој бил пронајден, лишен од слобода и задржан во Полициската станица Охрид за понатамошна постапка.

**Датум, време и место на инцидентот:** 23 март, околу 16:00 часот, во Охрид кај Хајдар пашина џамија.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** нема.

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), Скврнавење на гроб (Член 400, КЗ на РСМ), Предизвикување на омраза, раздор и нетрпеливост на нацинална, расна, верска и друга основа (Член 319, КЗ на РСМ)

**Сторители:** непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

> 2. *Модел на претходни инциденти* – и претходно се скврнавеле и уништуале верски објекти и гробишта
>
> 3. *Место* – Инцидентот се случил во близина на Хајдар пашина џамија.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР,наведено е дека поднесена е кривична пријава до надлежното ОЈО за кривично дело Скврнавење на гроб (Член 400, КЗ на РСМ)

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

### 38. Молотов коктел врз автомобилот на поранешниот директор на БЈБ Љупчо Тодоровски

**Што се случило:** Во раните утрински часови непознати лица, во непосредна близина на „Три бисери", во населбата Аеродром, фрлиле запаллива направа врз теренско возило"Нисан навара" со скопски регистарски ознаки, кое според евиденцијата на МВР е сопственост на А.С. (62) од Скопје, но во меѓувреме било продадено на Љ.Т. (наша забелешка Љупчо Тодоровски-Радникот) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, информира МВР.

**Датум, време и место на инцидентот:** 01.04.2018 година во 05.55 часот, бул. "Јане Сандански" на паркинг пред Трговскиот центар "Три бисери".

**Извор на информации:** Електронски медиум ако.мк, слободенпечат.мк.

**Инволвирани жртви:** нема.

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), Предизвикување на општа опасност (Член 288, КЗ на РСМ)

**Сторители:** непознати сторител/и.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР за овој регистрирано е кривично дело Предизвикување на општа опасност според чл. 288 од КЗ и до ОЈО е доставено известување на 23.07.2018 година.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата.

### 39. Претепано момче во Мичурин

**Што се случило:** На 04.04.2018 година околу 18.30 часот пријавено е дека во парк на улица "Анастас Митрев" во Скопје, поголема група непознати лица (на возраст од 16 до 18 години) физички го нападнале Д.Ц.(23). МВР презема мерки за пронаоѓање на лицата и расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 04.04.2018 година околу 18.30 часот, улица "Анастас Митрев" во Скопје.

**Извор на информации:** Електронски медиум курир.мк.

**Инволвирани жртви:** 1 жртва.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ), Учество во тепачка (Член 132, КЗ на РСМ)

**Сторители:** поголема група сторители меѓу кои и малолетни.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачите се од различно етничко потекло (македонци и албанци);
2. *Модел на претходни инциденти* – се напаѓаат осамени малолетници или млади лица, а напаѓачите се во поголема група
3. *Место* – Инцидентот се случил на место каде и претходно имало вакви и слични напади.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, овој инцидент е регистриран како разбојништво во обид, и доставен е записник за примање на пријава до ОЈО против непознат сторител.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

### 40. Насилство на Партизанска во Скопје

**Што се случило:** На Партизанска кај постојката која се наоѓа во близина на бурекчилницата „La delicious", двајца млади, повозрасни, луѓе истепаа еден доста помлад дечко. Кај постојката имаше

околу 15 луѓе од кои никој не реагираше, додека малку подалеку бев и јас (каде што исто набљудував) При заминување двајцата тепачи извикале „има ли други шиптари тука“ па си заминале без да добијат одговор.

**Датум, време и место на инцидентот:** 05 април, неопределно, бул Партизански одреди, во близина на бурекчилницата „La delicious“, Скопје

**Извор на информации:** фајзбук статус на сведокот.

**Инволвирани жртви:** еден помлад дечко.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ)

**Сторители:** двајца неидентификувани сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите се од различно етничко потекло (македонци и албанци);
2. *Модел на претходни инциденти* – регистрирани се и претходни вакви инциденти на јавни места
3. *Место* – Инцидентот се случил на место каде живеат мнозинство граѓани од македонска етничка заедница.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој случај воопшто не е евидентиран.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на луѓето во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив (јавен превоз, населби во кои живеат и се движат, јавни простори автобуски постојки).

## 41. Прободен малолетник во Ѓорче Петров

**Што се случило:** На 08.04.2018 година во 01,00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров Е.С.(51) пријавил дека на 07.04.2018 година околу 22,30 часот додека неговиот син Е.С. (17) се движел по улицата “Ангел Винички“ бил пресретнат од страна на две непознати лица. Едното од нив извадило нож и го прободело во пределот на левата надколеница. Малолетникот бил пренесен во Градската општа болница “8-ми Септември“ за укажување на лекарска помош и од страна на лекар констатирана е телесна повреда. Се работи на целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 07.04.2018 година околу 22,30 часот, улицата “Ангел Винички“, Ѓорче Петров Скопје.

**Извор на информации:** Електронски медиум судство.мк.

**Инволвирани жртви:** 1 малолетник (1 год.)

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ)

**Сторители:** двајца непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата е малолетник а со напаѓачите се од различно етничко потекло (македонци и албанци);

*2. Модел на претходни инциденти* – се напаѓаат осамени малолетници, а напаѓачите се полнолетни или во група

*9. Место* – Инцидентот се случил во населено место каде и претходно имало вакви и слични напади и каде што живеат и поминуваат луѓе од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, овој инцидент е расчистен и регистриран како прекршок против јавен ред и мир по член 11 од ЗППЈРСМ ( наша забелешка- случајот е регистриран како тепачка, а не напад). Образложението на МВР е дека овој случај согласно стандардните полициски процедурии со консултација од ОЈО не можеле да му најдат кривично-правна квалификација, па затоа го регистрирале како прекршок!

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат). Меѓутоа исто така и несоодветниот инситуционален одговор како во конкретниот случај ( наместо кривично дело, регистрирано е само како прекршок) не придонесува кон подобрување на ситуацијата.

## 42. Оштетување на надгробни споменици во с. Брњарци

**Што се случило:** На 09.04.2018 година во 09,30 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје пријавено е дека во с.Брњарци, скопско од страна на непознат сторител било извршено оштетување на надгробни споменици во локалните гробишта. Се превземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 09.04.2018 година во 09,30 часот, с. Брњарци, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** нема.

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), Скврнавење на гроб (Член 400 од КЗ на РСМ),

**Сторители:** непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е религија а пристрасните индикатори се:

*1. Модел на претходни инциденти* – и претходно има регистрирано вакви инциденти каде се уништуваат верски објекти или надгробни споменици.

*2. Место* – Инцидентот се во с. Брњарци каде и претходно има регистрирано вакви случаи на уништување или оштетување на надгробни споменици и верска и етничка нетрпеливост.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој случај е евидентиран како крвично дело скврнавење на гроб по член 400 од КЗ, поднесена е пријава до ОЈО против непознат сторител и се трага по сторителите.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 43. Физички нападнати две лица од Турција

**Што се случило:** На 14.04.2018 година во 19,07 часот во Единицата за информирање и команда Скопје, пријавено е дека во Ургентен центар Скопје донесени биле турските државјани Е.И. (24) и С.Ј. (26) со

привремен престој во Скопје, кои според нивно кажување биле физички нападнати од страна на неколку непознати лица во близина на Гимназијата „Ј.Б.Тито“. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 14.04.2018 година во 19,07 часот, во близина на Гимназијата „Ј.Б.Тито“, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** двајца странски државјани.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Тешка телесна повреда (Член 131, КЗ на РСМ)

**Сторители:** поголема група непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е статус на бегалци или мигранти а пристрасните индикатори се:

1. *Претпоставен статус на бегалци или мигранти* – жртвите се странски државјани од турско етничко потекло

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, овој инцидент е заведен како кривично дело тешка телесна повреда по член 131 од КЗ и до ОЈО е доставена пријава против непознат сторител. МВР работи на расчистување на кривичното дело.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и безбедноста на бегалците и мигрантите.

### 44. Нападнато малолетно лице на Бит Пазар

**Што се случило:** На 23.04.2018 година во Полициската станица Бит Пазар, З.С. (54) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 20.45 часот на автобуска постојка на булеварот „Крсте Мисирков“ неговиот 17-годишен син физички бил нападнат од страна на четири непознати лица, кои го удирале со боксови во пределот на главата. Се работи на целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 23.04.2018 година, околу 20.45 часот на автобуска постојка на булеварот „Крсте Мисирков“ Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** еден малолетник (17).

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ)

**Сторители:** четири непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачите се од различно етничко потекло (македонци и албанци);
2. *Модел на претходни инциденти* – напад на осамени малолетници, а напаѓачите се во група
3. *Место* – Инцидентот се случил на авотбуска станица и улица каде и претходно имало вакви и слични напади и каде што живеат и поминуваат луѓе од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој случај е евидентиран како нарушување на јавен ред и мир член 12 и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и

особено безбедноста на луѓето во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив (јавен превоз, населби во кои живеат и се движат, јавни простори автобуски постојки).

### 45. Во Гостивар двајца профeрсори напднати од членови на ДУИ

**Што се случило:** Градоначалникот на Гостивар, Арбен Таравари во изјава за Фокус вели дека денеска двајца професори во Гостивар биле нападнати од членови на ДУИ.Едниот од професорите бил тешко повреден и е задржан на неврохирургија со потрес на мозок. Другиот е пуштен дома.Претходно, во вечерашното гостување на телевизија Телма, Таравари рече дека министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски често бил на приватни прослави на фунцкционери на ДУИ во Гостивар, и се надева дека ќе преземе мерки овој случај да биде расветлен.

**Датум, време и место на инцидентот:** 13 април, во неопределно време, Гостивар.

**Извор на информации:** Електронски медиум Телма телевизија, фокус.мк.

**Инволвирани жртви:** двајца возрасни мажи.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Тешка телесна повреда (Член 131, КЗ на РСМ)

**Сторители:** поголема група сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, овој инцидент воопшто не е регистриран.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна и политичка состојба во земјата

### 46. Напад на бул. Александар Македонски

**Што се случило:** Во Полициска станица Гази Баба во периодот од 21 до 21.15 часот 17- годишно лице од Скопје, 31-годишниот И.К. од Скопје и Д.И.(18) од Скопје пријавиле дека биле физички нападнати од страна на неколку непознати лица во близина на автобуска постојка на булеварот „Александар Македонски“. МВР преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 13 април, од 21 до 21.15 часот, автобуска постојка на булеварот „Александар Македонски“, Скопје.

**Извор на информации:** Електронски медиум скопјеинфо.мк.

**Инволвирани жртви:** три жртви од кои еден малолетник (17).

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ)

**Сторители:** непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвите со напаѓачите се од различно етничко потекло (македонци и албанци);
2. *Модел на претходни инциденти* – како и сите претходни напади на авотбуски станици
3. *Место* – Инцидентот се случил на авотбуска станица и улица каде и претходно имало вакви и слични напади и каде што живеат и поминуваат луѓе од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР за овој случај нема дадено дополнителни податоци.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на луѓето во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив (јавен превоз, населби во кои живеат и се движат, јавни простори автобуски постојки).

## 47. Шеснаесет годишно момче прободено од свој врсник

**Што се случило:** Шеснаесетгодишно момче со нож го прободел својот соученик во стомакот во училишниот двор каде што и двајцата учат, информираа од МВР.

Секторот за внатрешни работи Скопје поднесе кривична пријава против 16 годишен малолетник од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". Според информациите од полицијата, на 10 април, годинава околу 13,00 часот во училишниот двор од средно училиште од Скопје по претходна вербална расправија со негов врсник Ф.Р. пријавениот со нож му нанел убодна рана во пределот на стомакот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 10 април, околу 13:00 часот, во средно училиште во Скопје.

**Извор на информации:** Електронски медиум фокус.мк.

**Инволвирани жртви:** 1 малолетник (16 год).

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Тешка телесна повреда (Член 131, КЗ на РСМ), Учество во тепачка (Член 132, КЗ на РСМ)

**Сторители:** 1 малолетен сторител (16).

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата е малолетник а со напаѓачот се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на ученици во или блиску училиште

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, за овој инцидент нема дополнителни податоци.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 48. Физички нападнато малолетно (12 год)момче

**Што се случило:** Четири непознати малолетни лица синоќа околу 19 часот физички нападнале 12-годишно момче на улицата „Македонски војски" во Скопје.Како што информира МВР, случајот синоќа во 21.40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров го пријавила А.Т.(42), мајка на нападнатото момче. Полицијата презема мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 01 мај, 21:40 часот, улицата „Македонски војски" во Скопје.

**Извор на информации:** дневен весник Нова Македонија.
**Инволвирани жртви:** едно малолетно лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** 4 непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата е малолетник а со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на осамени малолетни лица на улица или блиску училиште

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент кај нив е регистриран како нарушување на јавен ред и мир и се преземаат мерки за откривање на сторителите.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 49. Каменуван автобус бр. 65 во с. Синѓелиќ

**Што се случило:** На **14.05.2018** година околу 18.50 часот на ул. „Алија Авдовиќ" во Скопје, автобус на Јавното сообраќајно претпријатие, кој сообраќал на линијата бр.65, од Транспортен центар кон с.Стајковци, бил запрен од страна на лица А.Ј. (18) и 16-годишник, двајцата од с.Сингелиќ, со патничко возило „Пежо 206" со кумановски регистарски ознаки. Откако го запреле автобусот, излегле од возилото и побарале од возачот на автобусот да ги отвори вратите. Возачот одбил, по што 16-годишникот со камен скршил едно странично стакло на автобусот. Веднаш по добиената пријава, полициски службеници излегле на местото на настанот и преземале соодветни мерки и активности. Двете лица се приведени во полициска станица и таму изјавиле дека го запреле автобусот затоа што во него се возеле три лица кои претходно нив ги нападнале. Од оштетувањето на автобусот, две лица се пожалиле на повреди во пределот на грбот, по што биле упатени на преглед во Градската општа болница. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот: 14.05.2018** година околу 18.50 часот на ул. „Алија Авдовиќ" во Скопје.

**Извор на информации:** дневен весник Нова Македонија.

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), Предизвикување на општа опасност (Член 288, КЗ на РСМ)

**Сторители:** 2 идентификувани сторители од кои еден е малоетник (16).

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – напади и каменување на аовтбуси, особено автобус со бр. 65
2. *Место- нападот се извршил во с. Синѓелиќ, место каде често доаѓа до меѓуетнички конфликт помеѓу млади луѓе.*

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент кај нив е регистриран како нарушување на јавен ред и мир по член 12 од ЗППЈРСМ.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 50. Физички нападнат минувач на Кеј 13-ти Ноември

**Што се случило:** На 17.05.2018 година во 23,15 часот во Градска општа болница «Св. Наум Охрдиски» лицето М.П.(22) од Скопје, пријавил дека околу 22,30 часот на улица «Кеј 13-ти Ноември» бил физички нападнат од страна на три непознати машки лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 17.05.2018 година во 23,15 часот, улица «Кеј 13-ти Ноември».

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 1 жртва.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** 3 непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Место* – на ова место и претходно се регистрирани ваков вид на инциденти

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент кај нив е регистриран како нарушување на јавен ред и мир и се преземаат мерки за откривање на сторителите.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 51. Осквернавен споменикот на борци од НОБ во Тетово

**Што се случило:** Со недолична и провокативна содржина осквернавен е Споменикот на револуцијата во центарот на Тетово посветен на борците од НОБ. На него потпишана е и навивачката група на Шкендија – „ Балисти“, а го има напишано и денешниот датум кога овој клуб во вечерните часови, планира да ја прослави шампионската титула во Првата фудбалска лига.

**Датум, време и место на инцидентот:** 21 мај, во вечерните часови, во центарот на Тетово.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** нема.

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ)

**Сторители:** непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – претходно исто така се регистрирани случаи на уништување или оштетување на споменици од НоБ

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент кај нив е регистриран како нарушување на јавен ред и мир и се преземаат мерки за откривање на сторителите.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 52. Нападнат малолетник во автобус бр.65 во Стајковци

**Што се случило:** Во автобус број 65В на Јавното сообраќајно претпријатие три непознати лица кои биле во автобусот физички го нападнале 16-годишен малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 21 мај, 18:25 часот, во автобус бр.65 во с. Стајковци.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** едно малолетно лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** 3 непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата е малолетник а со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на осамени малолетни лица на улица, блиску училиште, во автобус
3. *Место- автобус бр, 65 многу често бил место каде се случувале вакви напади*

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент кај нив е регистриран како нарушување на јавен ред и мир и се преземаат мерки за откривање на сторителите.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 53. Во детски парк нападнато малолетно (14 год)момче

**Што се случило:** На 20.05.2018 година околу 22.00 часот во детскиот парк на улица „Дончо Штипјанчето» од страна на едно непознато лице физички бил нападнат неговиот 14-годишен син.

**Датум, време и место на инцидентот:** 20.05.2018 година околу 22.00 часот во детскиот парк на улица „Дончо Штипјанчето».

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** едно малолетно лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** 1 непознат сторител.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата е малолетник а со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на осамени малолетни лица на улица или блиску училиште

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент кај нив е регистриран како нарушување на јавен ред и мир и се преземаат мерки за откривање на сторителите.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 54. Прослава на победа со погрдно навивање

**Што се случило:** Навредливите навивачки песни кои на „Балистите" им се на репертоарот и на секој натпревар против Вардар, се најдоа и на нивната прослава: „Каурски пи.ки" и „Македонско девојче ку..а голема" ечеа по тетовските улици.

**Датум, време и место на инцидентот:** 21 мај, вечерните часови, Тетово.

**Извор на информации:** електронски медиум мкд.мк.

**Инволвирани жртви:** нема.

**Вид на злосторства:** Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ на РСМ)

**Сторители:** непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – и претходно се регистрирани вакви инциденти на говор на омраза и предизвикување на национална нетрпеливост

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР за овој инцидент нема дополнителни информации.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 55. Повторно нападнат малолетник во автобус бр. 65

**Што се случило:** На 25.05.2018 година околу 23.10 часот, во автобус бр.65 неколку непознати лица физички нападнале 16-годишно момче. Сторителите се качиле во автобусот во с.Стајковци и веднаш го нападнале момчето. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите и за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 25.05.2018 година околу 23.10 часот, во автобус бр.65, во с. Стајковци.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** едно малолетно лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** неколку непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата е малолетник а со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на малолетни лица во автобус

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент кај нив е регистриран како нарушување на јавен ред и мир и се преземаат мерки за откривање на сторителите.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 56. Физички нападнато момче (21) во автобус бр. 57

**Што се случило:** На 02.06.2018 година, нешто после полноќ, во автобус на ЈСП бр.57, бил физички нападнат млад човек (21)од страна на повеќе лица.Откако другите патници почнале да викаат на глас напаѓачите се симнале од автобусот и избегале.

**Датум, време и место на инцидентот:** 02 јуни, после полноќ, улицата „Цветан Димов“ автобус бр57 во Скопје.

**Извор на информации:** електронски медиум судство.мк.

**Инволвирани жртви:** едно машко лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** група непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади во автобуски линии кои сообраќаат во реони каде има мешано етничко население.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент кај нив е регистриран како нарушување на јавен ред и мир и се преземаат мерки за откривање на сторителите.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 57. Физички нападнато малолетно (13 год)момче во Ченто

**Што се случило:** Тринаесетгодишно момче синоќа било нападнато на улицата „Методија Андонов-Ченто“ во Скопје, на автобуска постојка. Како што соопшти МВР, случајот во полиција синоќа го пријавил И.С. (43), таткото на детето. Неговиот син додека чекал автобус бил физички нападнат од непознато лице на возраст од 15 до 18 години, кое било со уште три други лица. Потоа сторителите го напуштиле местото на настанот, а по кратко време се вратиле заедно со поголема група на лица. Момчето и неговите другари побегнале и ги известиле родителите.Полицијата работи на целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 06 јуни, во вечерните часови, на автобуска постојка на ул. МА Ченто во Скопје (последна 45-ка).

**Извор на информации:** електронски медиум мкд.мк, скопјеинфо.мк, пресс24.мк.

**Инволвирани жртви:** едно малолетно лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** повеќе непознати сторители 4+.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата е малолетник а со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на малолетни лица на улица, атобуска постојка или блиску училиште

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент кај нив е регистриран како нарушување на јавен ред и мир и се преземаат мерки за откривање на сторителите.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат). Особено несоодветниот одговор од страна на државта, со тоа што го квалификува како прекршок наместо како кривично дело Насилство.

### 58. Репрезентативец од Куманово предизвикува етничка нетрпеливост

**Што се случило:** Поранешниот младински репрезентативец на Северна Македонија, Таулант Сулејманов, кој во меѓувреме си го промени презимето во Сефери предизвика голем скандал.Сефери кој во меѓувреме се реши да игра за Албанија, по пријателскиот натпревар на младинските селекции против Белорусија во вторникот, во соблекувалната позираше со маичка на која стоеше: "Куманово е Албанија"

**Датум, време и место на инцидентот:** 07 јуни, неопеделено време, профил на социјални мрежи.

**Извор на информации:** електронски медиум маркукуле.мк, оффнет.мк

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид на злосторства:** Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ на РСМ)

**Сторители:** еден идентификуван сторител.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – и во претходни инциденти спортските натпревари се користеле како поле за искажување на говор на омраза и за предизвикување на етничка нетрпеливост

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент воопшто не е евидентиран.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

### 59. Физички нападнат граѓанин на Битпазар

**Што се случило:** На 11.06.2018година во 03.20часот во Полициската станица Бит Пазар, Ѓ.Д.(43) од Скопје пријавил дека на 10.06.2018 околу 23.30 часот, додека се движел по улица „Методија Митевски", физички бил нападнат од неколку непознати лица. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите и за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 10.06.2018 околу 23.30 часот, додека се движел по улица „Методија Митевски" Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** едно машко лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** неколку непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на граѓани на улица, автобуска постојка

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент кај нив е регистриран како нарушување на јавен ред и мир и се преземаат мерки за откривање на сторителите.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат). Особено несоодветниот одговор од страна на државта, со тоа што го квалификува како прекршок наместо како кривично дело Насилство.

### 60. Повторно напади во Автокоманда

**Што се случило:** На 11.06.2018 година во 21,30 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје М.С.(19) пријавил дека истиот ден околу 20,50 часот на булевар "Александар Македонски" физички бил нападнат од страна на две непознати лица. Се работи на целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 11.06.2018 година, околу 20,50 часот на булевар "Александар Македонски" Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** едно машко лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** 2 непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на граѓани на улица, автобуска постојка

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент кај нив е регистриран како нарушување на јавен ред и мир и се преземаат мерки за откривање на сторителите.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат). Особено несоодветниот одговор од страна на државта, со тоа што го квалификува како прекршок наместо како кривично дело Насилство.

### 61. Тетовец нападнат во Скопјанка

**Што се случило:** М.К. (53) од Тетово вчера во 23:40 часот во Полициската станица Аеродром пријавил дека дента околу 23:00 часот пред казино во Трговски центар „Скопјанка" физички бил нападнат од

неколку непознати лица.Од нападот М.К. се здобил со повреди и бил пренесен во Градска општа болница „Св.Наум Охридски“ каде му била укажана лекарска помош. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите и за целосно расчистување на случајот. (насилство/етничка)

**Датум, време и место на инцидентот:** 16 јуни, околу 23:00, ТЦ Скопјанка.

**Извор на информации:** електронски медиум сител.мк

**Инволвирани жртви:** едно машко лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** неколку непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на граѓани на улица, автобуска постојка трговски центри

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент кај нив е регистриран како нарушување на јавен ред и мир и се преземаат мерки за откривање на сторителите.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

### 62. Опожарен автомибилот на пратеникот Хари Локвенец

**Што се случило:** Возилото „Мини Купер“ на пратеникот на СДСМ Хари Локвенец синоќа околу 23.00 часот било опожарено од непознати сторители. Локвенец вчера беше во Преспа на потпишувањето на Договорот меѓу Северна Македонија и Грција.

**Датум, време и место на инцидентот:** 17 јуни, околу 23 часот, Во Прилеп.

**Извор на информации:** електронски медиум сител.мк, дневен весник Нова Македонија, дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид на злосторства:** Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319, КЗ на РСМ), Предизвикување на општа опасност (Член 288, КЗ на РСМ)

**Сторители:** повеќе непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – На овој инцидент му претходат инциденти од пред неколку месеци, кога граѓани протестираа пред домот на овој пратеник

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР се наведува дека се преземаат мерки за откривање на сторителот и дека случајот е пријавен кај ОЈО.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата политичка и безбедносна состојба во земјата.

## 63. Оштетени бисти на народни херои во Маврови Анови

**Што се случило:** Во 11 часот синоќа во Полициското одделение Маврово, С.Б.(74) пријавил дека во населбата Маврови Анови, од страна на непознати лица, со употреба на физичка сила, од постаментите биле турнати две бронзени статуи од народните херои Чеде Филипоски и Злате Малакоски. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 21 јуни, во вечерните часови, Маврови Анови.

**Извор на информации:** дневен весник Нова Македонија, дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид на злосторства:** Оштетување на туѓи предемти (Член 243, КЗ на РСМ),

**Сторители:** непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

> 1. *Модел на претходни инциденти* – и претходно се регистрирани инциденти на уништување и скврнавење на споеници од НОВ и други историтски објекти поврзани со македонската етничка заедница.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент кај нив е регистриран како кривично дело Оштетување на туѓи предмети по член 243 од КЗ, и поднесена е кривична пријава до ОЈО против непознат сторител.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 64. Повторно напад во автобус бр. 57 на ул. Цветан Димов

**Што се случило:** На 21.06.2018 година во 23,30 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје било пријавено дека на крстосницата од улиците „Џон Кенеди“ и „Цветан Димов“, во автобус на ЈСП бр.57, две непознати лица физички го нападнале Б.Д.(20) од Скопје. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** На 21.06.2018 година во 23,30 часот, на крстосницата од улиците „Џон Кенеди“ и „Цветан Димов“, во автобус на ЈСП бр.57

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** едно машко лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** двајца непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

> 1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачите се од различно етничко потекло;
> 2. *Модел на претходни инциденти* – напади на граѓани, во автобус бр.57 се регистрирани и во претходите извештаи

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент кај нив е регистриран како Насилство и доставено е записник за пријава до ОЈО.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 65. Нападнат штабот на ВМРО-ДПМНЕ во Центар

**Што се случило:** На 23.06.2018 година во 23 часот во Единицата за информации и команда Скопје, одговорно лице од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ телефонски пријавило дека на објектот во сопственост на партијата лоциран на плоштад ВМРО, од страна на непознати лица била фрлена боја врз објектот и околу него. На лице место излегле полициски службеници и се преземаат мерки за расчистување на настанот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 23.06.2018 година во 23 часот, Главниот плоштад во Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид на злосторства:** Оштетување на туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ),

**Сторители:** повеќе непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

*1. Целна локација* – целна локација е штабот на политичка партија

*2. Модел на претходни инциденти* – На овој инцидент му претходат инциденти кога беа демолирани партиските штабови на СДСМ

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент кај нив е регистриран како кривично дело Оштетување на туѓи предмети по член 243 од КЗ на РСМ.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата.

## 66. Нападнато малолетно (13 год)момче во Топанско поле

**Што се случило:** На 26.06.2018 година во Полициската станица Бит Пазар С.М.(33) пријавила дека истиот ден околу 15,30 часот на улицата “376“ од страна на три малолетни машки лица и едно женско лице физички бил нападнат нејзиниот 13 годишен син при што му биле нанесени видливи повреди. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 26.06.2018 година, 15,30 часот на улицата “376“

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** едно малолетно лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** повеќе непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

*1. Разлика во етничкото потекло* – жртвата е малолетник а со напаѓачите се од различно етничко потекло;

*2. Модел на претходни инциденти* – напади на малолетни лица на улица, атобуска постојка или блиску училиште

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент кај нив е регистриран како нарушување на јавен ред и мир и се преземаат мерки за откривање на сторителите.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат). Особено несоодветниот одговор од страна на државата, со тоа што го квалификува како прекршок наместо како кривично дело Насилство.

### 67. Претепано 21годишно момче на автобуска постојка во Автокоманда

**Што се случило:** Дваесет и едногодишно момче се бори за живот на Скопските клиники откако вчера попладне во 17.20 часот во населбата Автокоманда е претепано од непознати лица. Вчера и во текот на ноќта момчето не било контактибилно. Според првичните информации од МВР, го претепале три засега непознати лица. Непознатите излегле од автомобил мерцедес и го нападнале момчето кое се движело по булеварот Александар Македонски во близина на автобуската постојка кај седиштата на „Алкалоид" и „Скопска пивара". На 09.07.2018 година повредениот почина како последица на повредените.

**Датум, време и место на инцидентот:** 29.06.2018 година, 17,30 часот на автобуската станица кај Алкалоид во Автокоманда

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР, дневен весник Нова Македонија

**Инволвирани жртви:** едно машко лице (21).

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Убиство на свиреп начин (Член 123 ст. 2 т. 1, КЗ на РСМ).

**Сторители:** три непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на член на навивачка група, во конкретниот случај нападнатото момче е член на Комити, а напаѓачите се членови на Шверцери.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР овој инцидент кај нив најпрво е регистриран како Насилство и з дајца од тројацата сторители веднаш е определен притвор,а по третиот се трага. После предавањет на предметот на ОЈО  по извршената обдукција на телото и проборање на дополнители докази, овој случај е преквалификуван како Убиство на свиреп начин.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

### 68. Нападнато малолетно (17 год) момче во Центар

**Што се случило:** На 01.07.2018 година во 18,15 часот во Полициската станица Центар И.С.(47) пријавил дека истиот ден околу 00,30 часот на улица "Луј Пастер" неговиот 17 годишен син бил физички нападнат од група на лица. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 01.07.2018 година во 18,15 часот на улицата "Луј Пастер"  во Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** едно малолетно лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** повеќе непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата е малолетник а со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на малолетни лица на улица, атобуска постојка или блиску училиште

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** До затварње на овој извештај сеуште немаме одговор од МВР. (Одговор добиен во Јануари, евидентиран како физички напад, се работи на расчистување на случајот).

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

### 69. Ограбени мигранти на патот Неготино-Градско

**Што се случило:** На 02.07.2018 година во 09,40, часот полициски службеници од Полициската станица за Граничен надзор „Михајлово“ на автопат Неготино-Градско во близина на „Стоби“, забележале две лица-мигранти од Авганистан. Со истите бил извршен разговор и тие изјавиле дека пред два дена илегално пеш ја преминале грчката граница. Мигрантите ориентирајќи се по пругата, на 02.07.2018 година во 07,00 часот во близина на железничката станица во Неготино биле пресретнати од страна на четири лица и над нив било извршено разбојништво, при што, по нивно кажување им биле одземени 700 евра и два мобилни телефони. Од страна на полициските службеници мигрантите се предадени на полициски службеници од Полициската станица Неготино, за понатамошна постапка. Се работи на целосно расчистување на случајот

**Датум, време и место на инцидентот:** 02.07.2018 година во 07,00 часот во близина на железничката станица во Неготино

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** две лица бегалци/мигранти.

**Вид на злосторства:** Разбојништво (Член 237 КЗ на РСМ),

**Сторители:** повеќе непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е тоа што жртвите се мигранти а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата се мигранти бегалци;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на мигранти особено покрај пруга или пат се регисрирани и претходно

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** До затварање на овој извештај сеуште немаме одговор од МВР. (Добиен одговор во Јануари, поднесена кривична пријава против непознати лица по член 237 од КЗ- Разбојништво и се работи на целосно расчистување на случајот).

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање безбедноста на лицата мигранти и бегалци кои транзитират низ нашата земја.

## 70. Нападнато лице од с. Студеничани во автобус бр. 67

**Што се случило:** На 02.07.2018 година во 20,30 часот во Полициската станица Кисела Вода, Н.А. (48) од село Студеничани, скопско, пријавил дека истиот ден околу 17,30 часот на булевар „Борис Трајковски", додека се возел во автобус на Јавното сообраќајно претпријатие (ЈСП) со бр.67, физички бил нападнат од страна на контролор на ЈСП, З.Г.(54) од село Орешани, скопско. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот

**Датум, време и место на инцидентот:** 02.07.2018 година, 17,30 часот о автобус бр. 67

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** едно машко лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** еден идентификуван сторител.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачот се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на граѓани во автобус и на автобуска постојка се регистрирани и претходно

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** До затварање на овој извештај сеуште немаме одговор од МВР. ( Одговор од МВР добивме во Јануари 2019, случајот е евидентиран како прекршок по член 12 ЗППЈРСМ)

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 71. Испишани графити на училиште во Ченто

**Што се случило:** На 10.07.2018 година во 08,00 часот М.М.(42) во Секторот за внатрешни работи Скопје пријавил дека 09/10.07.2018 година на улицата "Срећко Пужалка" во основно училиште од страна на непознати сторители било извршено оштетување на пет канделабри и биле извадени осигурувачите од истите, а притоа сторителите со спреј испишале навредлива содржина. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 09/10.07.2018 година, неопределено, на улицата "Срећко Пужалка" во основно училиште

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР. Претставник од Хелсиншки Комитет излезе на лице место, но немаше никакви видливи графити бидејќи ѕидовите на училиштето беа свежо бојадисани поради што не можевме да го фотодокументираме настанот.

**Инволвирани жртви:** нема.

**Вид на злосторства:** Оштетување на туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ),

**Сторители:** повеќе непознати сторители.

Кус опис на инци дентот со пристрасни индикатори: Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – и претходно се регистрирани инциденти на испишување на графити на јавен простор.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** До затварње на овој извештај сеуште немаме одговор од МВР. (Одговор од МВР добивме во Јануари 2019, случајот е евидентиран како прекршок по член 12 ЗППЈРСМ)

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 72. Искршен штабот на СДСМ во Кичево

**Што се случило:** На 18.07.2018 година околу 19,30 часот било пријавено дека во Кичево, Г.П.(43) од Кичево ги искршил стаклата од штабот на политичката партија „СДСМ“ лоциран на улицата „Маршал Тито“. Лицето било приведено во Полициската станица Кичево и се работи на целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 18.07.2018 година околу 19,30 часот на улица “Маршал Тито“ штаб на СДСМ, во Кичево

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид на злосторства:** Оштетување на туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), **Сторители:** повеќе непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** : Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Целна локација* – целна локација е штабот на политичка партија
2. *Модел на претходни инциденти* – На овој инцидент му претходат инциденти кога беа демолирани партиските штабови на СДСМ

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** До затварње на овој извештај сеуште немаме одговор од МВР. ( Одговор од МВР добивме во Јануари 2019, евидентиран е сторителот, упатени да поднесат приватна тужба)

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата.

## 73. Прободен 17-годишник во автобус, бил член на Комитите

**Што се случило:** На 21.07.2018 година околу 23,15 часот во градски автобус со број 22, кој сообраќал на релација Центар – Волково, во близина на Поликлиниката – Ѓорче Петров, вербална расправија на две групи прераснала во физичка пресметка, при што бил повреден еден од учесниците бил повреден со нож. Повредениот е малолетник (17). Две лица се приведени во полициска станица. На социјалните мрежи кружат информации дека нападнатиот е член на навивачката група на фубалскиот клуб Вардар – Комити, а двајцата напаѓачи се дел од ривалската навивачка група Шверцери на Шкупи од Чаир. Полицијата презема мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 21.07.2018 година околу 23,15 часот градски автобус со број 22, кој сообраќал на релација Центар – Волково, во близина на Поликлиниката – Ѓорче Петров

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР, електронски медиум спортклуб.мк, ипортал.мк

**Инволвирани жртви:** едно малолетно лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ)

**Сторители:** повеќе непознати сторители, 2 лица идентификувани.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата била од македонска етничка припадност и бил член на навивачка група Комити, а напаѓачите наводно биле од албанска етничка заедница и членови на навивачка група на Шверцери;

2. *Модел на претходни инциденти* – конфликтни ситуации и судири помеѓу навивачки групи од различна етничка припадност

3. *Локација- инцидентот се случил во автобус бр. 22, додека поминувал низ населбата Ѓорче Петров*

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** До затварње на овој извештај сеуште немаме одговор од МВР. ( Одговор од МВР добивме во Јануари 2019, случајот е евидентиран како прекршок по ЗППЈРСМ доставено известување до ЈО)

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 74. Нападнати и ограбени мигранти на граничен премин Табановце

**Што се случило:** На 24.07.2018 година во 11,30 часот на железничката пруга Табановце-Прешево, од страна на полициски службеници биле откриени осум лица-мигранти од Иран. При тоа, лицата пријавиле дека истиот ден откако оствариле илегален влез од Грција во  Северна Македонија, на околу 200 метри пред граничната линија со Р.Србија, две непознати лица, со закана со нож, извршиле разбојништво над истите, при што им одзеле 8.000 евра. Од страна на екипа од Црвен Крст на мигрантите им била укажана лекарска помош. Се преземаат мерки за целосно расчистување на настанот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 24.07.2018 година во 11,30 часот на железничката пруга Табановце-Прешево

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** осум лица мигранти.

**Вид на злосторства:** Разбојништво (Член 237 КЗ на РСМ),

**Сторители:** повеќе непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е статусот на мигранти/бегалци, тоа што жртвите се мигранти а пристрасните индикатори се:

1. *Статус на мигранти/бегалци* – жртвата се мигранти бегалци;

2. *Модел на претходни инциденти* – напади на мигранти особено покрај пруга или пат се регисрирани и претходно

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** До затварње на овој извештај сеуште немаме одговор од МВР. ( Одговор од МВР добивме во Јануари 2019, случајот е евидентиран кај нив, но тие не биле надлежни)

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање безбедноста на лицата мигранти и бегалци кои транзитират низ нашата земја.

### 75. Недолични графити во Радишани

**Што се случило:** На 29.07.2018 година во 18,00 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје Ш.Ш. (50) пријавил дека на 28.07.2018 година на улицата "Радишанска" од страна на непознато лице на предната страна на неговата куќа биле испишани графити со навредлива и недолична содржина. Се работи на расчистување на настанот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 29.07.2018 година во 18,00 часот, улицата "Радишанска".

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР. Претставник од Хелсиншки Комитет излезе на лице место, но немаше никакви видливи графити ( освен на една куќа ,,Алекс дизајн,, како да имаше траги од свежно бојадисување и скоро неприметни траги од графити со црна боја) поради што не можевме да го фотодокументираме настанот.

**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ). **Сторители:** Непознат сторител.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – и претходно се регистрирани инциденти на испишување на графити на јавен простор со политичка или етничка содржина.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** До моментот на пишување на овој извештај, нема одговор од МВР на Барањето за информации од јавен карактер кое Комитетот го испрати во врска со овој инцидент.

(Одговор од МВР добивме во Јануари 2019, се работи на целосно расчистување на случајот )

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

### 76. Ограбени мигранти кај Виничани, Велес

**Што се случило:** На 01.08.2018 година околу 16,30 часот било пријавено дека кај железничката постојка во близина на с.Виничани-велешко, четири непознати лица кои биле со патничко моторно возило "Опел астра" извршиле разбојништво над Т.К. (22) од Пакистан, кој се движел по пругата, при што му одзеле околу 150 евра и 6.000 денари. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Велес и се работи на целосно расчистување на случајот.

Секторот за внатрешни работи Велес поднесе кривична пријава против А.С.(27), Р.М.(28), М.П.(28) и С.Е.(23) сите од Градско поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "разбојништво". Имено на01.08.2018 година околу 16,30 часот во село Виничани-велешко, кај железничката постојка, пријавените кои биле со патничко возило "Опел Астра" со употреба на физичка сила, извршиле разбојништво над Т.К. (22) од Пакистан и му одзеле околу 150 евра и 6.000 денари.

**Датум, време и место на инцидентот:** 01.08.2018 година околу 16,30 часот, во близина на с.Виничани-велешко

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** Едно лице, мигрант.

**Вид на злосторства:** Разбојништво (Член 237 КЗ на РСМ)

**Сторители:** 4 идентификувани сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е статусот на мигранти/бегалци, тоа што жртвите се мигранти а пристрасните индикатори се:

*1. Статус на мигранти/бегалци* – жртвата се мигранти бегалци;

*2. Модел на претходни инциденти* – напади на мигранти особено покрај пруга или пат се регисрирани и претходно

**Статус на случајот:** Поднесена кривична пријава.

**Одговор на локалните власти:** Поднесена кривична пријава под КУ бр.303/18 од СВР Велес.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање безбедноста на лицата мигранти и бегалци кои транзитират низ нашата земја.

## 77. Насилство на Битпазар

**Што се случило:** На 10.08.2018 година во 23.10 часот во Полициската станица Бит Пазар, С.Н. (27) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 22.00 часот на бул. „Крсте Мисирков" физички бил нападнат од 10 до 12 непознати лица, при што му биле нанесени телесни повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 10.08.2018 година околу 22 часот на бул. „Крсте Мисирков"

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** Едно машко лице.

**Вид на злосторства:** Телесна повреда (Член 131, КЗ на РСМ)

**Сторители:** 10-12 неидентификувани сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничка припадност, а пристрасните индикатори се:

*1. Место* – Инцидентот се случил на Бит Пазар, каде и претходно имало вакви и слични напади и каде што живеат и поминуваат луѓе од различни етнички заедници.

*2. Разлика во етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите се од различно етничко потекло (македонци и албанци)

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 78. Насилство во Градски парк Скопје

**Што се случило:** На 11.08.2018 година во 04.25 часот во Полициската станица Карпош, А.Ф.Ш. (25) од Скопје пријавил дека истиот ден во 03.20 часот пред дискотека во Градски Парк физички бил нападнат од две непознати лица, кои дошле со патничко возило. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 11.08.2018 година во 04,25 часот во Градски парк

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** Едно помладо машко лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** двајца неидентификувани сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е етничка припадност, а пристрасните индикатори се:

*1. Место* – Инцидентот се случил во Градски парк, каде и претходно имало вакви и слични напади и каде што живеат и поминуваат луѓе од различни етнички заедници.

*2. Разлика во етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите се од различно етничко потекло (македонци и албанци)

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

### 79. 18 годишно момче нападнато на Рекорд во 5-ка ЈСП

**Што се случило:** На 16.08.2018 година во 12.40 часот во Полициската станица Центар, Д.С.(18) од Скопје пријавил дека во истиот ден во 00.35 часот на автобуска постојка на ул. „Димитрије Чуповски», при качување во автобус број 5 на ЈСП, бил физички нападнат од страна на две непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** На 16.08.2018 година во 12,40 часот, на на автобуска постојка на ул. „Димитрије Чуповски», автобус бр. 5, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** младо машко лице (18).

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** две непознати лица.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

*1. Разлика во етничкото потекло* – во нападнатиот автобус бр. 5 на ЈСП сообраќа во реон каде живеат и се движат луѓе од различно етничко потекло (македонци и албанци);

*2. Модел на претходни инциденти* – како и сите претходни каменувања и напади на автобуси или напади во автобуси на јавен превоз

*3. Место* – Инцидентот се случил на авотбуска станица  и улица каде и претходно имало вакви и слични напади и каде што живеат и поминуваат луѓе од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, известуваат дека работат на расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на луѓето во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив (јавен превоз, населби во кои живеат и се движат, јавни простори автобуски постојки).

### 80. Државјанин на Турција нападнат на Битпазар

На 26.08.2018 година во 01.20 часот во Полициската станица Бит Пазар, Б.А.М.(23) од Германија пријавил дека истиот ден околу 00.15 часот на булевар „Крсте Мисирков“, тој и неговиот пријател Г.С.(33) од Турција физички биле нападнати од непознати лица. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите и за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 26.08.2018 година во 01,20 часот, на булевар „Крсте Мисирков“, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** двајца странски државјани.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** поголема група непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничка припадност, државјанство или јазик, а пристрасните индикатори се:

*2. Разлика во етничкото потекло и државјанство* – жртвите се странски државјани од турско етничко потекло

*3. Место* – Инцидентот се случил на авотбуска станица  и улица каде и претходно имало вакви и слични напади и каде што живеат и поминуваат луѓе од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, известуваат дека се преземаат мерки за расчистување на случајот

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на луѓето во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив (јавен превоз, населби во кои живеат и се движат, јавни простори автобуски постојки).

### 81. Нападнати малолетници во Ѓорче Петров

**Што се случило:** На 07.09.2018 година во 22,45 часот во Полициска станица Ѓорче Петров Д.Н.(39) и М.Х.А.(45) двајцата од Скопје пријавиле дека истиот ден околу 21,50 часот на улица «Исаија Мажовски» од страна на неколку малолетни лица биле физички нападнати нивните синови на возраст од 12 и 15 години. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 07.09.2018 година, во 22,45 часот, на улица „Исаија Мажовски", Скопје.

**Извор на информации:** билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** двајца малолетници (12 и 15 год.).

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ),  Учество во тепачка (Член 132, КЗ на РСМ)

**Сторители:** неколку малолетни лица.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

*1. Разлика во етничкото потекло* – жртвата е малолетник а со напаѓачите се од различно етничко потекло (македонци и албанци);

*2. Модел на претходни инциденти* – се напаѓаат осамени малолетници, а напаѓачите се полнолетни или во група

*3. Место* – Инцидентот се случил во О. Ѓорче Петров, каде и претходно имало вакви и слични напади и каде што живеат и поминуваат луѓе од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 82. Насилство врз малолетник во близина на АСУЦ

**Што се случило:** На 14.09.2018 година во 11,30 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје Д.П. (38) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 09,45 часот во близина на средното училиште „Боро Петрушевски", неговиот 15 годишен син физички бил нападнат од страна на неколку малолетни лица. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 14.09.2018 година, во 11,30 часот, во близина на средното училиште „Боро Петрушевски"„ Скопје.

**Извор на информации:** билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** еден малолетник (15 год.).

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ),

**Сторители:** неколку малолетни лица.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – нападнатиот малолетник и малолетниците напаѓачи се од различно етничко потекло (македонци и албанци);

2. *Модел на претходни инциденти* – судир и конфликт помеѓу ученици од различно етничко потекло особено во главниот град се случува многу често. Ваквите судири најчесто се случуваат помеѓу деца од македонско и албанско етничко потекло, додека другите заедници поретко или никогаш не се инволвирани во вакви инциденти.

6. *Место* – Инцидентот се случил во средно училиште и во населено место каде живее мешано етничко население и учат ученици од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 83. Ограбени мигранти кај Криволак-Неготино

**Што се случило:** Секторот за внатрешни работи Велес поднесе кривична пријава против Р.М.(26), Е.М.(22) и Б.Р.(23) од село Криволак-Неготино поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "разбојништво". Имено на 19.09.2018 година околу 08,00 часот во близина на село Криволак пријавените извршиле разбојништво над четворица мигранти од Индија, при што им одзеле 950 евра и четири мобилни телефони, по што го напуштиле местото на настанот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 19.09.2018 година околу 08 часот, во близина на село Криволак , Неготино.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** четворица бегалци/мигранти.

**Вид на злосторства:** Разбојништво (Член 237 КЗ на РСМ)

**Сторители:** три идентификувани сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е тоа што жртвите се мигранти а пристрасните индикатори се:

*1. Разлика во етничкото потекло* – жртвата се мигранти бегалци;

*2. Модел на претходни инциденти* – напади на мигранти особено покрај пруга или пат се регисрирани и претходно

**Статус на случајот:** Поднесена кривична пријава.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, овој инцидент е расчистен и поднесена е кривична пријава против три лица.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и безбедноста на бегалците и мигрантите.

## 84. Оштетена општинската канцеларија на СДСМ во Прилеп

**Што се случило:** На 19.09.2018 година околу 09.40 часот во населба .„Точила" во Прилеп, пријавено е оштетување на општинска канцеларија на политичка партија СДСМ, при што со камен скршено е едно стакло. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 19.09.2018 година околу 09,40 часот во населба .„Точила" штаб на СДСМ, во Прилеп

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид на злосторства:** Оштетување на туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), **Сторители:** непознат/и сторител/и.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** : Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

*1. Целна локација* – целна локација е штабот на политичка партија

*2. Модел на претходни инциденти* – На овој инцидент му претходат инциденти кога беа демолирани партиските штабови на СДСМ

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на настанот, делото се гони по приватна тужба.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата.

## 85. Оштетена уште една канцеларија на СДСМ во Прилеп

**Што се случило:** На 19.09.2018 година околу 08.30 часот на улица „Орде Чопела" во Прилеп, пријавено е оштетување на општинска канцеларија на политичка партија СДСМ, при што се скршени две стакла. Се преземаат мерки за расчистување на случајот. .

**Датум, време и место на инцидентот:** 19.09.2018 година околу 08,30 часот на улица „Орде Чопела" штаб на СДСМ, во Прилеп

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид на злосторства:** Оштетување на туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), **Сторители:** непознат/и сторител/и.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** : Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

*1. Целна локација* – целна локација е штабот на политичка партија

2. *Модел на претходни инциденти* – На овој инцидент му претходат инциденти кога беа демолирани партиските штабови на СДСМ

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на настанот, делото се гони по приватна тужба.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата.

## 86. Нападнат малолетник во автобус бр. 65

**Што се случило:** На 20.09.2018 година во 14,00 часот во Полициската станица Гази Баба А.З.(45) од село Синѓелиќ-скопско пријавил дека во 13,30 часот на автобуска постојка на булеварот «Александар Македонски» во автобус број 65 физички бил нападнат неговиот 15 годишен син од страна на неколку малолетни лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 20.09.2018 година, во 13,30 часот, во автобус бр.65 на автобуска постојка на булеварот «Александар Македонски».

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** едно малолетно лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** неколку малолетни лица.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата е малолетник а со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на осамени малолетни лица на улица, блиску училиште, во автобус
3. *Место- автобус бр, 65 многу често бил место каде се случувале вакви напади*

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 87. Искршен штабот на СДСМ во Куманово

**Што се случило:** Денеска (24.09) околу 10.40 часот во Полициската станица Куманово било пријавено оштетување на штаб на политичката партија СДСМ во Куманово на улица „Тоде Мендол“ при што биле искршени три прозори на објектот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 24.09.2018 година околу 10,40 часот на улица „Тоде Мендол“ штаб на СДСМ, во Куманово

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид на злосторства:** Оштетување на туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), **Сторители:** еден идентификуван сторител.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори: :** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Целна локација* – целна локација е штабот на политичка партија
2. *Модел на претходни инциденти* – На овој инцидент му претходат инциденти кога беа демолирани партиските штабови на СДСМ

**Статус на случајот:** Расчистен.

**Одговор на локалните власти:** Настанот е расчистен при што е констатирано дека сторител е Д.С. Делото се гони по приватна тужба.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата.

## 88. Оштетен партиски штаб на СДСМ во Куманово

**Што се случило:** На истиот датум (24.09.2018) во ПС Куманово било пријавено уште едно оштетување и улица „Илинденска". Според пријавата, на двете локации биле искршени по три прозори. Во врска со настанот, приведен е Д.С.(34) од Куманово.

**Датум, време и место на инцидентот:** 24.09.2018 година, на улица „Илинденска" штаб на СДСМ, во Куманово

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид на злосторства:** Оштетување на туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), **Сторители:** еден идентификуван сторител.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** : Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Целна локација* – целна локација е штабот на политичка партија
2. *Модел на претходни инциденти* – На овој инцидент му претходат инциденти кога беа демолирани партиските штабови на СДСМ

**Статус на случајот:** Расчистен.

**Одговор на локалните власти:** Настанот е расчистен при што е констатирано дека сторител е Д.С. Делото се гони по приватна тужба.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата.

## 89. Физички нападнат активист во врска со Референдумот 2018

**Што се случило:** На 26.09.2018 година во 19.00 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје, А.З.(37) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 18.30 часот на улица „Палмиро Тољати", додека делел програма за референдумот, бил физички нападнат од лицето В.М.(54) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 26.09.2018 година, во 19:00 часот, на улица „Палмиро Тољати", Скопје.

**Извор на информации:** Билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** едно машко лице

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** В.М. од Скопје

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичката припадност на жртвата и сторителот, а пристрасните индикатори се:

*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** Расчистен.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, случајот е заведен како прекршок против јавен ред и мир.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба и политичката стабилност во земјата.

## 90. Искршен штаб на СДСМ во селото Долно Количани

**Што се случило:** Вчера вечерта во полициската станица во Драчево било пријавено дека бил искршен штаб на СДСМ во селото Долно Количани.

„На 25.09.2018 година во 09.40 часот во Полициската станица Драчево, С.И. од с.Долно Количани, скопско, пријавил дека во текот на ноќта на 24/25.09.2018 година непознат сторител искршил четири прозорски стакла од штабот на политичка партија СДСМ во с.Долно Количани. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителот и за целосно расчистување на случајот“, соопштија од полицијата..

**Датум, време и место на инцидентот:** 24/25.09.2018 година, во с.Долно Количани.

**Извор на информации:** Електронски медиум Фокус.мк

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид на злосторства:** Оштетување на туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), **Сторители:** еден неидентификуван сторител.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** : Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

*1. Целна локација* – целна локација е штабот на политичка партија

*2. Модел на претходни инциденти* – На овој инцидент му претходат инциденти кога беа демолирани партиските штабови на СДСМ

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата.

## 91. Летоци со закани поврзани со Референдумот 2018

**Што се случило:** На 27.09.2018 година во 10.22 часот во Полициската станица Кисела Вода, Љ.Т. пријавила дека пред зграда на улица „Локов“ имало расфрлана хартија на која биле испишани заканувачки содржини во врска со референдумот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 27.09.2018 година на улица „Локов“, Скопје

**Извор на информации:** Билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид на злосторства:** Загрозување на сигурноста (Член 144 од КЗ на РСМ) **Сторители:** непознат сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

*2. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 92. Физички нападнат активист во Тетово поради Референдумот 2018

**Што се случило:** На 27.09.2018 година околу 13,20 часот во Полициска станица Тетово, Д.А.(23) и Х.Џ.(18) двајцата од Тетово пријавиле дека на улица „Маршал Тито", околу 11,50 часот најпрво биле навредувани, а потоа Д.А. бил нападнат од С.А.(43) од Тетово. Двајцата пријавители делеле флаери со содржина поврзана со претстојниот референдум, а според пријавеното, С.А. им ги згужвал флаерите, ги навредувал и во еден момент се обидел со тупаница да го удри Д.А, но тој го избегнал ударот, по што С.А. со нога го удрил по грбот и заедно со уште две лица, кои биле со него, заминал од местото на настанот. Се работи на целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 27.09.2018 година, во 11,50 часот, на улица „Маршал Тито", Тетово.

**Извор на информации:** Билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** две машки лица

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** С:А. од Тетово

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичката припадност на жртвата и строителот, а пристрасните индикатори се:

*1. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** Расчистен.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, за случајот е доставено Известување бр.34.2.3-10764/1 од 26.11.2018 година до ОЈО Тетово.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба и политичката стабилност во земјата.

## 93. Насилство врз 13 годишен малолетник во автобус на ЈСП бр 65

**Што се случило:** На 27.09.2018 година во 22,20 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје Д.И.(44) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 19,00 часот во автобус на ЈСП број 65 на булевар "Никола Карев" од страна на две непознати лица физички бил нападнат неговиот 13 годишен син. До физичкиот напад дошло кога автобусот закочил и детето се удрило во двете лица кои веднаш почнале вербално да се расправаат со него, а потоа и физички го нападнале. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 27.09.2018 година, околу 19,00 часот, во автобус бр.65 на на булевар "Никола Карев".

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** едно малолетно лице.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** две непознати лица.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

*1. Разлика во етничкото потекло* – жртвата е малолетник а со напаѓачите се од различно етничко потекло;

*2. Модел на претходни инциденти* – напади на осамени малолетни лица на улица, блиску училиште, во автобус

*3. Место- автобус бр, 65 многу често бил место каде се случувале вакви напади*

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

### 94. Истепан до бессознание поради референдумот 2018

**Што се случило:** На 29.09.2018 година во 13.30 часот во Полициска станица Центар И.Е.(44) од Скопје пријавил дека околу 00,15 часот во кафе бар во Скопје додека бил со негов пријател му се прибилижил Ј.Л.(33) од Скопје со кој се познаваат од претходно и му упатил вербални закани во врска со гласањето на референдумот, а во еден момент го удрил со тупаница, по што пријавителот за кратко паднал во безсознание. Преземени се мерки и активности за расчистување на случајот и против Ј.Л. е поднесен соодветен поднесок.

**Датум, време и место на инцидентот:** 29.09.2018 година, во 00,15 часот, во кафе бар во Скопје.

**Извор на информации:** Билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** едно машко лице

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** Ј.Л. од Скопје

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичката припадност на жртвата и строителот, а пристрасните индикатори се:

*1. Модел на претходни инциденти* – овој инцидент е дел од серијата инциденти против припадници или симпатизери на политички партии или поранешни и сегашни функционери.

**Статус на случајот:** Расчистен.

**Одговор на локалните власти:** Во одговорот кој го добивме од МВР, случајот е заведен како прекршок по член 12 од ЗППЈ.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба и политичката стабилност во земјата.

## 95. Во Чаир нападнат малолетник

**Што се случило:** Во Полициската станица Бит Пазар, Ф.А.(33) од Скопје (Чаир) пријавил дека истиот ден околу 13,00 часот на улицата „Прохор Пчински“ неколку непознати лица физички го нападнале неговиот 15-годишен син. Се превземаат мерки за расчистување на случајот. .

**Датум, време и место на инцидентот:** 30.09.2018 година, околу 13,00 часот, на улицата „Прохор Пчински“ во Чаир, Скопје.

**Извор на информации:** Билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 1 малолетник (15 год.).

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** неколку непознати лица.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил на улица во Чаир (мешана етничка средина) пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

*1. Разлика во етничкото потекло* – нападнатиот малолетник и напаѓачите се од различно етничко потекло (македонци и албанци);

*2. Модел на претходни инциденти* – судир и конфликт помеѓу ученици од различно етничко потекло особено во главниот град се случува многу често. Ваквите судири најчесто се случуваат помеѓу деца од македонско и албанско етничко потекло, додека другите заедници поретко или никогаш не се инволвирани во вакви инциденти.

*3. Место* – Инцидентот се случил во средно училиште и во населено место каде живее мешано етничко население и учат ученици од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 96. Оштетување на црковен имот во Драчево

**Што се случило:** Свештените лица укажуваат дека на 10.03.2018 година се случиле инциденти со оштетување на црквен имот, поточно испишување на сатанистички графити на ѕидот на црквата Св. Спас во Драчево. Вакви инциденти се случиле и претходно, а случаите се пријавени во полициска станица и во општината Кисела Вода. Свештените лица ги оквалификуваат како сериозни инциденти кои не може туку така да се препишат само на малолетни лица.

Полицијата трага по сторителите.

**Датум, време и место на инцидентот:** 10.03.2018 година црква Св. Спас Драчево Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР, електронски медиум ако.мк. **Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ). **Сторители:** Непознат сторител.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е религија и верско уверување, а пристрасните индикатори се:

*1. Модел на претходни инциденти* – и претходно се регистрирани инциденти на оштетување на црковен имот и верски обележја.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, добивме одговор идентичен како во дневниот билтен на министерството, односно дека е излезено на местото на настанот и дека се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање соживотот и општата стабилност во земјата.

## 97. Тепачка на автобуска постојка кај ЕТУЦ „Михајло Пупин"

**Што се случило:** На 09.10.2018 година во 11.08 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје, било пријавено дека на автобуска постојка кај ЕТУЦ „Михајло Пупин" на улица „Благоја Стефковски" имало тепачка помеѓу повеќе лица. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека група од пет до шест ученици од училиштето физички го нападнале Н.С.(18) од Скопје, исто така, ученик во училиштето. Еден од напаѓачите бил затекнат на местото. Се работи за 16-годишен малолетник од Скопје. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 09.10.2018 година околу 11,08 часот автобуска постојка кај ЕТУЦ Михајло Пупин Маџари ул. Благоја Стефковски

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** едно 18 годишно лице

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ)

**Сторители:** повеќе од 5 непознати сторители, 1 сторител 16 годишен затекнат на лице место.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

> *2. Разлика во етничкото потекло* – во ова училиште учат деца од различна етничка структура, а исто така и на автобуската постојка поминуваат автобуски линии кои поврзуваа населби со мешана етничка структура;
>
> *1. Модел на претходни инциденти* – конфликтни ситуации и судири помеѓу млади лица од различна етничка припадност
>
> *2. Локација- инцидентот се случил на автобуска постојка пред средно училиште каде возат линиите 65, 55, 45*

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, добивме одговор во Јануари 2019, дека случајот е евидентиран како прекршок по член 12 по ЗППЈРСМ доставено известување до ЈО

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 98. Нападнат малолетник во Чаир

**Што се случило:** На 09.10.2018 година во 10.20 часот во Полициската станица Чаир, М.И.(56) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 09.15 часот на улица „Тале Христов" неговиот 15-годишен син физички бил нападнат од две непознати лица. Се преземаат мерки за расчитување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 09.10.2018 година околу 09.15 часот на улица „Тале Христов“

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** едно малолетно 15 годишно дете.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** двајца сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачот се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на малолетни лица во овој дел од градот се регистрирани и претходно

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, добивме одговор идентичен како во дневниот билтен на министерството, односно дека се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

### 99. Разбојништво над мигрант од Иран

**Што се случило:** На 15.10.2018 година во СВР Куманово Р.Р.(32) од Иран пријавил дека три непознати лица му извршиле разбојништво и физички го нападнале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 15.10.2018 година Куманово

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** едно лице мигрант од Иран

**Вид на злосторства:** Разбојништво (Член 237 КЗ на РСМ), телесна повреда (член 130 КЗ на РСМ)

**Сторители:** непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е статусот на мигранти/бегалци, тоа што жртвите се мигранти а пристрасните индикатори се:

1. *Статус на мигранти/бегалци* – жртвата е мигрант/бегалец;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на мигранти во овој дел од државата во близина на граничниот премин се регистрирани и претходно

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, добивме одговор дека МВР преземало мерки за расчистување на случајот, дека лицето после лекарската интервенција било сместено како и сите мигранти во транзитниот центар за мигранти во Табановце, дека била известена Иранската Амбасада, и дека додека се правеле напори за обезбедување на преведувач, лицето своеволно и во непознат правец го напуштило транзитниот центар за мигранти.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање безбедноста на лицата мигранти и бегалци кои транзитират низ нашата земја.

## 100. Физички нападнато лице на ул. Црногорска во Ѓорче Петров

**Што се случило:** На 16.10.2018 година во 22.30 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје, Ф.А.Љ.(19) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 22.00 часот на улица „Црногорска" физички бил нападнат од три непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 16.10.2018 година околу 22.00 часот на улица „Црногорска"

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** една жртва на 19 годишна возраст.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** тројца непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на млади лица во овој дел од градот се регистрирани и претходно

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, добивме одговор идентичен како во дневниот билтен на министерството, односно дека се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 101. Тепачка во автобус на ЈСП кај Чучер Сандево

**Што се случило:** На 19.10.2018 година околу 20,50 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје било пријавено дека на автобуската постојка пред с.Чучер Сандево, во автобус на ЈСП со бр.81 кој сообраќал на релација Скопје-Долно Блаце неколку лица со цврсти предмети влегле во автобусот и ги нападнале А.Ф. (18) од с.Долно Блаце и уште три лица од кои две на 15 годишна возраст и едно 16 годишно лице, сите од с.Долно Блаце. Екипа на Итна медицинска помош им укажала лекарска помош на местото на настанот, а А.Ф. и едно 15-годишно лице биле пренесени во комплексот клиники "Мајка Тереза". По настанот, повеќе жители од с.Долно Блаце изразиле револт на местото на настанот, но набргу се повлекле. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 19.10.2018 година на автобуската постојка пред с.Чучер Сандево, во автобус на ЈСП со бр.81 кој сообраќал на релација Скопје-Долно Блаце

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** 4 жртви од кои 3 малолетни

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ)

**Сторители:** 4 непознати сторители, 1 сторител идентификуван со препознавање.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – во дел на градот живее население од различно етничко потекло, а исто така и на автобуската постојка поминуваат автобуски линии кои поврзуваа населби со мешана етничка структура;
2. *Модел на претходни инциденти* – конфликтни ситуации и судири помеѓу млади лица од различна етничка припадност во автобуси и на автобуски постојки.

Локација- инцидентот се случил во автобуска линија бр. 81

**Статус на случајот:** Доставено известување до ОЈО, понатамошен статус непознат.

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, добивме одговор во Јануари 2019, дека во врска со овој случај се преземени дејствија за пронаоѓање на сторителите и нивно идентификување, идентификувано е едно лице и доставено известување до ЈО за понатамиошно делување.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 102. Закани преку Твитер

**Што се случило:** Секторот за внатрешни работи Струмица во координација со Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при Министерството за внатрешни работи, до надлежното јавно обвинителство, поднесе кривична пријава против И.С.(41) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување на сигурност" и „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На социјалната мрежа Твитер на 19.10.2018 во 09:20 часот, споделил расистичка и кснефобична содржина наменета за лицето С.А.. И.С. бил повикан на службен разговор во СВР Струмица, каде појаснил дека Твитер профилот на кој е споделена објавата е негов и дека тој е автор на објавата.

**Датум, време и место на инцидентот:** На социјалната мрежа Твитер на 19.10.2018 во 09:20 часот

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.

**Вид на злосторства:** Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем (Член 394-г ст. 1, КЗ на РСМ).

**Сторители:** И.С. (42) од Струмица

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – и претходно се регистрирани инциденти на вршење на овие дела преку социјални мрежи.

**Статус на случајот:** поднесена кривична пријава КУ бр. 33.4-500 од 26.10.2018

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, добивме одговор во Јануари 2019, дека во врска со овој случај поднесена е кривична пријава до КУ бр. 33.4-500 од 26.10.2018 надлежно ЈО за понатамиошно делување.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

## 103. Закани за пратеници во Собрание на РСМ преку фејсбук

**Што се случило:** На 20.10.2018 година Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при Министерството за внатрешни работи до Основно јавно обвинителство Скопје поднесе Известување за откриени содржини во кои има повикување на насилство или најави за однесување кое би значело загрозување на туѓа безбедност, а се објавени на профили на социјалната мрежа Фејсбук во изминатите 24 часа, кои се соодветно документирани.

Против Г. Т. (48) од Скопје, поради споделена објава на социјалната мрежа Фејсбук со која се шири говор на омраза и загрозување на сигурноста на пратеници во Собранието на Северна Македонија, до

надлежното јавно обвинителство ќе биде поднесена кривична пријава согласно чл.319 и чл. 144 став 4 од Кривичниот законик на Република Северна Македонија, соопшти МВР.

**Датум, време и место на инцидентот:** На социјалната мрежа Фејсбук на 19.10.2018.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.

**Вид на злосторства:** Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член чл.319) и Загрозување на сигурноста (чл. 144 став 4 КЗ на РСМ).

**Сторители:** Г.Т. (48) од Скопје

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – и претходно се регистрирани инциденти на вршење на овие дела преку социјални мрежи.

**Статус на случајот:** поднесена кривична пријава до надлежно ОЈО

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, добивме одговор во Јануари 2019, дека во врска со овој случај поднесена е кривична пријава за кривични дела по член 319 и член 144 ст. 4 до надлежно ЈО за понатамиошно делување.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

### 104. Загрозување на сигирноста на пратеник во Собрание на РСМ преку фејсбук

**Што се случило:** На 22.10.2018 г. СВР Скопје во соработка со Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при Министерството за внатрешни работи до Основно јавно обвинителство во Скопје ќе поднесе кривична пријава против 38- годишниот А.Н. од скопско Коњари, поради споделена објава-коментар на социјалната мрежа Фејсбук со која предизвикал загрозување на сигурноста на пратеници во Собранието и поради ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем односно поради основано сомнение за сторено кривично дело по чл.144 „Загрозување на сигурност" и по чл.394-г „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" од Кривичниот законик на Република Северна Македонија, соопшти полицијата.

**Датум, време и место на инцидентот:** На социјалната мрежа Фејсбук на 21.10.2018.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** Освен материјална штета, во овој инцидент нема жртви.

**Вид на злосторства:** Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем (Член 394-г ст. 1, КЗ на РСМ) и Загрозување на сигурноста (чл. 144 став 4 КЗ на РСМ).

**Сторители:** А.Н. (38) од с. Коњари, Скопско

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент, пристрасниот мотив е политичка припадност или политичко уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – и претходно се регистрирани инциденти на вршење на овие дела преку социјални мрежи.

**Статус на случајот:** поднесена кривична пријава до надлежно ОЈО

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, добивме одговор во Јануари 2019, дека во врска со овој

случај поднесена е кривична пријава за кривични дела по член 394-г и член 144 ст. 4 до надлежно ЈО за понатамиошно делување.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Овој инцидент ја доведува во прашање општата политичка стабилност во земјата.

### 105. Нападнат малолетник во Камник-Ченто

**Што се случило:** На 22.10.2018 година во 22,30 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје И.Д.(41) пријавил дека истиот ден околу 20,15 часот на улицата "Јужно Моравски Бригади" неговиот 14 годишен син додека се движел со неколку другари му пришле две непознати лица на возраст од 14-16 години и едното од нив физички го нападнало. Се превземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 22.10.2018 година околу 20,15 часот на улицата "Јужно Моравски Бригади"

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** една малолетна жртва на 14 годишна возраст.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** двајца непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на млади лица во овој дел од градот се регистрирани и претходно

**Статус на случајот:** случајот е заведен како прекршок по чл. 12 од ЗППЈРСМ.

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, добивме одговор дека овој случај е заведен како прекршок по член 12 од Закон за прекршоци против јавен ред и мир (ЗППЈРСМ).

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

### 106. физички нападнати малолетници во АСУЦ

**Што се случило:** На 31.10.2018 година во Полициска станица Гази Баба Д.П.(38) и Д.Н.(39) двајцата од Скопје пријавиле дека околу 09,10 часот нивните деца на возраст од 15 години од страна на три непознати лица биле физички нападнати во кругот на средното училиште «Боро Петрушевски». Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 31.10.2018 година околу 09,10 часот во кругот на средното училиште АСУЦ «Боро Петрушевски»

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** две 15 годишни деца

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ)

**Сторители:** повеќе од 3 непознати сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – во ова училиште учат деца од различна етничка структура;

*2. Модел на претходни инциденти* – конфликтни ситуации и судири помеѓу млади лица од различна етничка припадност

*3. Локација- инцидентот се случил во кругот на средното училиште АСУЦ «Боро Петрушевски» каде што и претходно се регистрирани вакви инциденти помеѓу учениците и други млади лица.*

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, добивме одговор во Јануари 2019, дека се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 107. Насилства предизвикани од навивачки групи во Тетово

**Што се случило:** На 02.11.2018 година околу 21.30 часот во близина на ресторан на улица „Борис Кидрич" во Тетово, по завршување на прослава на годишнина од постоење на навивачка група, 15-годишник од Тетово, кој бил со неколку другари, физички бил нападнат од непознато лице кое било со група од повеќе други лица. Малолетникот бил удрен по грбот, по што лицата побегнале. Оштетено е изложно стакло на занаетчиски дуќан и патничко возило сопственост на А.М.(27) од Тетово. СВР Тетово презема мерки за расчистување наслучајот.

На 23.11.2018 година полицијата поднесе кривични пријави против 14 лица, меѓу кои и еден малолетник за насилствата предизвикани на 02.11 од навивачките групи Војводи и Балисти.

**Датум, време и место на инцидентот:** 02.11.2018 година околу 21.30 часот. Тетово

**Извор на информации:** Електронски медиуми: макфакс.ком.мк, фокус.ком.мк и гол.мк

**Инволвирани жртви:** 1 повреден

**Вид на злосторства:** Телесна повреда (Член 131, КЗ на РСМ), Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** 7 идентификувани сторители од кои 1 малолетен.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

*1. Етничкото потекло и припадност на навивчка група* – жртвата била од македонска етничка припадност, а напаѓачите биле од албанска етничка заедница и членови на навивачка група на Балисти.

*2. Локацијата* – инцидентот се случил во центарот на Тетово после натпревар.

**Статус на случајот:** поднесени кривични пријави против 7 сторители

**Одговор на локалните власти:** До затворањето на овој извештај од МВР немаме добиено одговор на барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза. Информациите за поднесени кривични пријави ги имаме добиено од медиумите. **Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 108. Инцидент на фудбалски натпревар во Тетово

**Што се случило:** на 3 ноември, во периодот од 12 до 16 часот во Тетово, пред почетокот на натпреварот меѓу фудбалскиот клуб „Тетекс" од Тетово и фудбалскиот клуб „Трим лум" од Струга, како и за време

на натпреварот, петмината пријавени тетовци, заедно со двајцата пријавени скопјани, извикувале навредливи пароли.

На 23.11.2018 година полицијата поднесе кривични пријави против 14 лица, меѓу кои и еден малолетник за насилствата предизвикани на 02.11 од навивачките групи Војводи и Балисти.

**Датум, време и место на инцидентот:** 03.11.2018 година оо 12 до 16 часот Тетово

**Извор на информации:** Електронски медиуми: макфакс.ком.мк, фокус.ком.мк и гол.мк

**Инволвирани жртви:** нема, само материјална штета

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** 7 идентификувани сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло и припадност на навивчка група* – жртвата била од македонска етничка припадност, а напаѓачите биле од албанска етничка заедница и членови на навивачка група на Балисти.
2. *Локацијата* – инцидентот се случил во центарот на Тетово после натпревар.

**Статус на случајот:** поднесени кривични пријави против 7 сторители

**Одговор на локалните власти:** До затворањето на овој извештај од МВР немаме добиено одговор на барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза. Информациите за поднесени кривични пријави ги имаме добиено од медиумите.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

### 109. Навивачи на Балисти демолирале низ Тетово

**Што се случило:** На 4 ноември, во периодот од 12 до 15 часот во Тетово, пред почетокот на натпреварот меѓу фудбалскиот клуб „Шкендија“ од Тетово и фудбалскиот клуб „Шкупи“ од Скопје, другите шестмина тетовци заедно со малолетникот од Требош, движејќи се низ повеќе улици, извикувале навредливи пароли, а пред угостителски објект на улицата Борис Кидрич како дел од навивачката група „Балисти“, пријавените фрлале со камења и стаклени шишиња кон терасата на објектот.

За трите настани тетовската полиција поднела кривични пријави против 14 лица од кои 7 припадници на Балисти и 7 припадници на Војводи.

**Датум, време и место на инцидентот:** 4 ноември, во периодот од 12 до 15 часот во Тетово

**Извор на информации:** Електронски медиуми: макфакс.ком.мк, фокус.ком.мк и гол.мк

**Инволвирани жртви:** нема, само материјална штета

**Вид на злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243, КЗ на РСМ), Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** 7 идентификувани сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло и припадност на навивчка група* – жртвата била од македонска етничка припадност, а напаѓачите биле од албанска етничка заедница и членови на навивачка група на Балисти.
2. *Локацијата* – инцидентот се случил во центарот на Тетово после натпревар.

**Статус на случајот:** поднесени кривични пријави против 7 сторители

**Одговор на локалните власти:** До затворањето на овој извештај од МВР немаме добиено одговор на барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза. Информациите за поднесени кривични пријави ги имаме добиено од медиумите. **Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

### 110. Избоден малолетник на ул. Џон Кенеди во Чаир

**Што се случило:** На 05.11.2018 година во 13.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св. Наум Охридски" со убодни рани биле донесени М.Р.(18) од Скопје и З. И. (18) од Скопје. Според пријавата, тие биле нападнати од неколку лица на улица „Џон Кенеди". СВР Скопје презема мерки и активности за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 05.11.2018 година на улица „Џон Кенеди"-Чаир

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 2 жртви на 18 годишна возраст.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** неколку непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачот се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на млади лица во овој дел од градот се регистрирани и претходно

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, добивме одговор идентичен како во дневниот билтен на министерството, односно дека се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

### 111. Нападнати малолетици во Топанско Поле

**Што се случило:** На 05.11.2018 година во СВР Скопје било пријавено дека околу 20.00 часот пред угостителски објект на улица „Благоја Паровиќ" – Топанско Поле во Скопје, двајца 16-годишници физички биле нападнати од А.А. и неколку непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 05.11.2018 година околу 20.00 часот пред угостителски објект на улица „Благоја Паровиќ" – Топанско Поле во Скопје **Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** две малолетни жртви 16 годишна возраст.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** еден познат сторител и неколку непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачот се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на малолетни лица во овој дел од градот се регистрирани и претходно

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, добивме одговор идентичен како во дневниот билтен на министерството, односно дека се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

### 112. Момче од Сарај нападнато на улица Аминта Трети

**Што се случило:** На 11.11.2018 година во 22,00 часот во Полициската станица Центар, Б.А.(21) од село Сарај-скопско, пријавил дека истиот ден околу 20,00 часот пред угостителски објект на улицата „Аминта Трети" бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 11.11.2018 година околу 20,00 часот пред угостителски објект на улицата „Аминта Трети"

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** едно машко лице на 21 година.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** двајца непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачот се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на млади лица во овој дел од градот се регистрирани и претходно

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, добивме одговор идентичен како во дневниот билтен на министерството, односно дека се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

### 113. 17 годишно момче нападнато во угостителски објект

**Што се случило:** На 13.11.2018 година во 23.50 часот во СВР Скопје, Р.Р.(47) од СКопје пријавил дека истиот ден околу 19.30 часот во близина на угостителски објект на улица „Втора македонска бригада" неговиот 17-годишен син бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 13.11.2018 година околу 19.30 часот во близина на угостителски објект на улица „Втора македонска бригада"

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** едно малолетно 17 годишно дете.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** двајца сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачот се од различно етничко потекло;

2. *Модел на претходни инциденти* – напади на малолетни лица во овој дел од градот се регистрирани и претходно

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, добивме одговор идентичен како во дневниот билтен на министерството, односно дека се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 114. Нападнати млади лица од Кавадарци во автобус на ЈСП бр 55

**Што се случило:** На 14.11.2018 година во 20.00 часот во СВР Скопје, М.Ј.(19) и Ј.С.(19), двајцата од Кавадарци, пријавиле дека во автобус бр.55 на ЈСП Скопје биле физички нападнати од неколку лица. Се преземааат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 14.11.2018 година во автобус бр.55 на ЈСП

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** 2 жртви

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ)

**Сторители:** неколку непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – во дел на градот живее население од различно етничко потекло, а исто така и на автобуската постојка поминуваат автобуски линии кои поврзуваа населби со мешана етничка структура. Во конкретниот случај жртвите биле од македонски етничко потекло од Кавадарци ( град каде живее македонско население) а во автобусот број 55 најголем дел од лицата кои го користат се од албанско етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – конфликтни ситуации и судири помеѓу млади лица од различна етничка припадност во автобуси и на автобуски постојки.

Локација- инцидентот се случил во автобуска линија бр. 55

**Статус на случајот:** непознат.

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, сеуште немаме добиено одговор до затварање на овој случај.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 115. Нападнат малолетник во средното училиште Цветан Димов во Чаир

**Што се случило:** На 27.11.2018 година во 13,30 часот Ш.Ш.(43) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 12,00 часот на улица “Џон Кенеди“во двор од средно училиште (средно училиште цветан димов) нејзиниот 16 годишен син бил физички нападнат од страна на негов соученик. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 27.11.2018 година околу 12,00 часот на улица “Џон Кенеди“во двор од средно училиште (средно училиште цветан димов)

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** едно малолетно 16 годишно дете.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** еден малолетен сторител.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачот се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на малолетни лица во овој дел од градот се регистрирани и претходно

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, сеуште немаме добиено одговор.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 116. Нападнат малолетник во Ќерамидница

**Што се случило:** На 28.11.2018 година во 15,30 часот И.У.(32) пријавил дека истиот ден околу 13,00 часот на улицата "520" во населбата Ќерамидница во Скопје неговиот 14 годишен син бил физички нападнат од страна на Н.М.(41) од Скопје. По преземени мерки поднесен е соодветен поднесок.

**Датум, време и место на инцидентот:** На 28.11.2018 година околу 13,00 часот на улицата "520" во населбата Ќерамидница

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** едно малолетно 14 годишно дете.

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ).

**Сторители:** идентификуван сторител Н.М: (41).

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачот се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на малолетни лица во овој дел од градот се регистрирани и претходно
3. *Локација- во овој дел од градот живеат луѓе од различна етнички заедници, претежно Роми и Македонци.*

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, сеуште немаме добиено одговор.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 117. Нападнат и ограбено лице со попреченост во Битола

**Што се случило:** На 30.11.2018 година во Битола додека работел бил нападнат П.А., човек со церебална парализа. Во грабежот му биле украдени два мобилни телефони и целата заработка од тој ден која ја носел со себе.

**Датум, време и место на инцидентот:** 30.11.2018 година во Битола

**Извор на информации:** електронски медиум: слободенпечат.мк

**Инволвирани жртви:** едно лице со попреченост.

**Вид на злосторства:** Разбојништво (Член 237 КЗ на РСМ).

**Сторители:** неидентификуван сторител.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е попреченост а пристрасните индикатори се:

1. *Карактеристика на жртвата* – жртвата е лице со попреченост

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** На барањето доставено до МВР во врска со овој инцидент, дали има индикатори со кои ќе се потврди дело од омраза, сеуште немаме добиено одговор.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање инклузијата на луѓето со попреченост во општеството.

### 118. На автобуска на Битпазар физички напад врз малолетник

**Што се случило:** На 12.12.2018 година во 19,50 часот во Полициската станица Бит Пазар Б.Ш.(42) од Скопје, пријавила дека на 12.12.2018 година околу 17,00 часот на автобуска постојка на булевар „Крсте Мисирков" од страна на неколку лица бил физички нападнат нејзиниот 16 годишен син. Се работи на расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 12.12.2018 година, околу 17,00 часот, бул Крсте Мисирков, Битпазар, Скопје.

**Извор на информации:** Билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** еден малолетник (16 год.)

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** неколку непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата е малолетник а со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на осамени малолетни лица на улица, блиску училиште, во автобус
3. *Место- на булевар „Крсте Мисирков" многу често се случувале вакви напади*

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** До затворање на овој извештај сеуште немаме одговор од МВР.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

### 119. Малолетник нападнат во „2-ка" во Скопје

**Што се случило:** На 14.12.2018 година во 22.10 часот К.Ј.(37) од Скопје пријавила дека околу 16,00 часот во автобус на ЈСП, број 2 на булевар «Александар Македонски» во Скопје нејзиниот 14 годишен син бил нападнат од страна на малолетни лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 14.12.2018 година, 22,10 часот, во автобус бр.2 на булевар "Александар Македонски".

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** едно малолетно лице (14 год.).

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** неколку малолетни лица.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата е малолетник а со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на осамени малолетни лица на улица, блиску училиште, во автобус
3. *Место- автобус бр, 2 многу често бил место каде се случувале вакви напади*

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** До затворање на овој извештај сеуште немаме одговор од МВР.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

### 120. Избоден средношколец во скопско училиште Арсени Јовков

**Што се случило:** На 17.12.2018 година во 11,15 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје било пријавено дека во средното училиште „Арсениј Јовков" од страна на Е.Џ. (17), А.Б. (16) и уште едно лице со употреба на нож бил нападнат С.Р.(18) од Скопје, , а потоа физички нападнале уште тројца ученици на возраст од 17 и 18 години, по што го напуштиле местото на настанот. С.Р. бил пренесен во Градската општа болница „8-ми Септември" за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 17.12.2018 година, во ДСУ Арсениј Јовков во Чаир, Скопје.

**Извор на информации:** Билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 4 малолетници (17-18 год.).

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** три лица (двајца малолетници 16-17 години и едно помладо лице 18 год.).

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил во средно училиште кое се наоѓа во Чаир (мешана етничка средина) пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – нападнатиот малолетник и малолетниците напаѓачи се од различно етничко потекло (македонци и албанци);
2. *Модел на претходни инциденти* – судир и конфликт помеѓу ученици од различно етничко потекло особено во главниот град се случува многу често. Ваквите судири најчесто се случуваат помеѓу деца од македонско и албанско етничко потекло, додека другите заедници поретко или никогаш не се инволвирани во вакви инциденти.
3. *Место* – Инцидентот се случил во средно училиште и во населено место каде живее мешано етничко население и учат ученици од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** До затворање на овој извештај сеуште немаме одговор од МВР.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

### 121. Повторно повреден средното Арсени Јовков

**Што се случило:** На 25.12.2018 година околу 09,50 часот од Градска општа болница „Свети Наум Охридски", било пријавено дека кај нив, било донесено 17- годишно лице од Скопје, со убодна рана во пределот на левото рамо. Повредата му била нанесена од 15- годишно лице од Скопје во средното училиште „Арсени Јовков", каде двајцата се ученици. Се преземаат мерки за целосно расчистување на настанот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 25.12.2018 година, во ДСУ Арсениј Јовков во Чаир, Скопје.

**Извор на информации:** Билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 1 малолетник (16 год.).

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** едено лице малолетник (15 год.).

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил пред училишниот двор на средно училиште кое се наоѓа во Чаир (мешана етничка среднина) пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – нападнатиот малолетник и малолетниците напаѓачи се од различно етничко потекло (македонци и албанци);
2. *Модел на претходни инциденти* – судир и конфликт помеѓу ученици од различно етничко потекло особено во главниот град се случува многу често. Ваквите судири најчесто се случуваат помеѓу деца од македонско и албанско етничко потекло, додека другите заедници поретко или никогаш не се инволвирани во вакви инциденти.
3. *Место* – Инцидентот се случил во средно училиште и во населено место каде живее мешано етничко население и учат ученици од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** До затварње на овој извештај сеуште немаме одговор од МВР.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

### 122. Нападнат 12 годишен малолетник во Скопје

**Што се случило:** На 27.12.2018 година околу 21,00 часот во Скопје на булевар „Крсте Петков Мисирков" тројца малолетници на возраст од околу 15 години, физички нападнале 12 годишен малолетник од Скопје, при што еден од напаѓачите му нанел убодна рана во пределот на ногата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 27.12.2018 година, околу 21,00 часот на булеварот „Крсте Мисирков" Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** еден малолетник (12 год.).

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ), Телесна повреда (Член 130, КЗ на РСМ)

**Сторители:** тројца малолетници.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

*12. Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачите се од различно етничко потекло (македонци и албанци);

*13. Модел на претходни инциденти* – напад на осамени малолетници, а напаѓачите се во група

*14. Место* – Инцидентот се случил на автобуска станица  и улица каде и претходно имало вакви и слични напади и каде што живеат и поминуваат луѓе од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** До затварње на овој извештај сеуште немаме одговор од МВР.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на луѓето во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив (јавен превоз, населби во кои живеат и се движат, јавни простори автобуски постојки).

## 123. Уште еден напад во средното Арсениј Јовков

**Што се случило:** На 28.12.2018 година околу 17.00 часот пријавено е дека во средното училиште "Арсени Јовков"- Скопје, кај капијата од училиштетото, неколку ученици физички нападнале 16- годишен ученик. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 28.12.2018 година,  пред училишниот двор на ДСУ Арсениј Јовков во Чаир, Скопје.

**Извор на информации:** Билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 1 малолетник (16 год.).

**Вид на злосторства:** Насилство (Член 386, КЗ на РСМ)

**Сторители:** Група малолетници.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил пред училишниот двор на средно училиште кое се наоѓа во Чаир (мешана етничка среднина) пристрасниот мотив е етничко потекло а пристрасните индикатори се:

*1. Разлика во етничкото потекло* – нападнатиот малолетник и малолетниците напаѓачи се од различно етничко потекло (македонци и албанци);

*2. Модел на претходни инциденти* – судир и конфликт помеѓу ученици од различно етничко потекло особено во главниот град се случува многу често. Ваквите судири најчесто се случуваат помеѓу деца од македонско и албанско етничко потекло, додека другите заедници поретко или никогаш не се инволвирани во вакви инциденти.

*3. Место* – Инцидентот се случил во средно училиште и во населено место каде живее мешано етничко население и учат ученици од различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** До затворање на овој извештај сеуште немаме одговор од МВР.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив ( училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).